**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Петтото продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11, 32 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа по 16-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Хади Незири, Јани Макрадули, Ќенан Хасипи, Ѓорѓи Оровчанец, Неждет Мустафа, Али Ахмети, Теута Арифи, Панче Дамевски, Фијат Цаноски, Весна Јаневска, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Насер Ајдини, Елмазе Селмани, Ајше Селмани, Абдулади Вејсели, Андреј Жерновски, Владо Бучковски, и Ратко Димитровски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Дами и господа пратеници, дозволете ми во свое и во ваше име на граѓаните во Репулбика Македонија од католичка вероисповед да им ги честитам Божиќните празници.

Продолжуваме по Предлогот на Буџетот на Репулбика Македонија за 2007 година.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Репулбика Македонија за 2007 година.

Отворам претрес по амандманот 02001 Програма 2 подпрограма 20 ставка 425 и на раздел 09004 Програма 2 подпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Јани Макрадули, Ружди Матоши, Рафис Алити, Горан Мисовски, Весна Јаневска, Андреј Жарновски, Стојан Андов, Љубисав Иванов - Ѕинго, Павле Трајанов, Фијат Цаноски и Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2 подпрограма 20 ставка 481 и на раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Соња Ѓелова-Стојанова, Ристо Стојанов, Зоран Петревски, Панче Дамевски, Јаготка Ивановска, Ратко Димитровски, Миле Пачемски и Нада Станчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Владата не го прифаќа амандманот.

Дозволете да објаснам. Во Буџетот за 2007 година, а станува збор за проект за надградба на Собранието на Репулбика Македонија за подобрување на условите за работа на пратениците, Владата има определено ставка за отпочнување на подготовка на документација за овој проект и мислам дека тука сме на иста линија. Значи не се прифаќа амандманот, затоа што веќе се обезбедени средства за почеток за реализација на овој проект.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Силвана Бонева. Повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Од име на предлагачите на овој амандман, амандманот го повлекуваме.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2 подпрограма 20 ставка 483 раздел 05001 Програма 1 подпрограма 10 ставка 483, раздел 09001 програма 1 подпрограма 10 ставка 483 и на раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Марјан Додовски, Весна Јаневска, Силвана Бонева, Ружди Матоши, Рафис Алити, Иван Анастасовски, Лилјана Поповска, Славица Грковска, Хади Незири, Ќенан Хасипи, Стојан Андов, Зоран Витанов, Фијат Цаноски, Андреј Жерновски, Валентина Божиновска, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пенов, Роза Топузова Каревска, Слободан Најдовски, Неждет Мустафа, Сафет Незири, Блерим Беџети, Шабан Салиу, Верица Филипова и Бесим Догани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Владата не го прифаќа амандманот, но дозволете накратко да образложам за што станува збор.

Барањето за обезбедување средства за набавка на опрема, компјутери за потребите на Собранието на Република Македонија, Владата е свесна дека сегашните системи кои функционираат се застарени, не обезбедуваат поддршка за извршување на секојдневните активности на пратениците и на другите служби. Но, намерата на Владата е, сега, кога имаме и член на Владата без ресор задолжен за информатичкото општество во Репулбика Македонија, една од првите задачи да му биде обезбедување на функционирање на институциите, нивно поврзување во мрежите со цел да може да се обезбеди нормално функционирање на овие институции и нивната работа. Значи, тоа ќе го имаме предвид, но не можеме да прифатиме заради ставките од кои се бара намалување на средствата, реализација на барањата со овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се поддржува.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа,

Јас сум еден од пратениците што меѓу последните се потпиша на овој амандман и овој амандман е потпишан од пратеници од сите пратенички групи во Собранието, па навистина не знам зошто никој не се јавува за збор.

Го прифаќам образложението на министерот, но повторно доаѓаме до тоа дека елементарни услови за работа пратениците ќе немаат. Ќе ви кажам еден пример пред 15 дена поднесов два закони во Собранието на Република Македонија, кои се за укинување на надоместоците при продажба на цигарите и тие два закони ги поднесов во писмена форма. Меѓутоа, од службите инсистираа да им дадам и дискета, затоа што требало да се објават на веб страницата на Собранието. Така е сега, вие знаете господине потпретседателе, дека се што е предложено од пратениците и се што се расправало се објавува на веб страницата на Собранието. Како да му ја дадам дискетата кога ние немаме канцеларии, немаме компјутер каде тоа да го направиме. Треба дома да работиме, а знаете дека секој ден имаме овде седница. Овој амандман се однесува на најелементарното, ќе развиваме информатичко општество а пратениците немаат на што да отчукаат еден текст - како да го објасниме тоа. Кога веќе сите пратенички групи го потпишавме овој амандман, се надевам дека барем пратениците ќе го изгласаат овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 58 пратеници и затоа го поништувам гласањето.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да пристапиме повторно кон гласање.

(присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум)

Бидејќи сега има 62 пратеника во салата, го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 16, воздржани нема, против гласале 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2 подпрограма 20 ставки 401, 402 и 403 и Раздел 07001 Програма 1 подпрограма 10 ставки 401, 402 и 403 поднесен од пратениците Стојан Андов, Иван Анастасовски и Љубисав Иванов Ѕинго.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Повелете, има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Го повлекуваме амандманот, бидејќи не е прифатен од Владата и да не гласаме по него.

**Иван Анастасовски:** Од името на предлагачите амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 420, раздел 05001 Програма 1 подпрограма 10 ставка 420 и раздел 08 001 Програма 1 потпрограма 10 ставка 420, поднесен од пратениците Стојан Андов, Иван Анастсовски и Љубисав Иванов -Ѕинго.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Го повлекуваме и овој амандман, штом не го прифатила Владата.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 423 и Раздел 09001 програма 1 потпрограма 10 ставка 423, поднесен од пратениците Стојан Андов, Иван Анастасовски и Љубисав Иванов - Ѕинго.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете, има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Го повлекуваме амандманот, бидејќи не е прифатен од Владата и да не гласаме по него.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Овој амандман, заедно со колегата Оливер Спасовски го поднесовме, иако знаевме дека нема да се прифати, но со цел да поттикнеме една расправа во врска со подобрување на условите за работа во Собранието. Како и по еден од претходните амандмани кој се однесуваше за обезбедување на средства за непречена работа на Парламентот и заради зајакнување на позициите на законодавната власт, и овој амандман е исто така во оваа насока, затоа што сметаме дека во време на експанзија на информатичкиот систем и компјутеризацијата насекаде, во овој парламент е срамота да се работи со 220 персонални сметачи со пет сервери, од кои 180 сметачи се од генерација 1995 година, а да не зборуваме за останатите средства.

Исто така, имајќи предвид дека годишно за експедиција на материјали и хартија за печатење се трошат околу 4 милиони денари од Буџетот, сметам дека полека Собранието, ова Собрание само за себе полека треба да води сметка и да почне да предвидува средства во Буџетот за оваа намена, затоа што сметам дека ако и овде почнеме да кратиме, ќе повторам, она што значи извршување на законодавната функција и она што значи професионално извршување на функцијата пратеник тешко ќе можеме да го обезбедиме.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, колеги пратеници.

Тоа е вториот амандман кој се поднесен од наша страна, во врска со подобрувањето на работата на Собранието и подобрувањето всушност и на позицијата и на Парламентот и на пратениците.

И минатиот пат кога говоревме во однос на амандманот кој значеше обезбедување на средства за работа на канцеларии на пратениците, се со цел за доближување до сопствените избирачи, еве уште еден амандман. Значи тоа не е хендикеп во работата на пратениците, туку и со овој амандман, имајќи предвид дека имаме застарена компјутерска опрема во Собранието, или воопшто за еден број на пратеници кои не можат да ја користат таа опрема, или не доволно опремување дури и на претседателите на комисиите, сметам дека Владата ќе најде сили и ќе има доблест да го прифати овој амандман, се со цел да се обезбеди подобра работа внатре во Собранието.

Исто така имајќи предвид и големиот број на материјали кои секојдневно се испраќаат до пратениците, нивното задоцнување, често пати неможноста да се доставуваат на време, мислевме дека и со продолжувањето на проектот направен и застанато на него во Собрението, мислевме дека оваа година ќе се обезбедат средства од Буџетот за да може да се финализира овој проект и конечно овој проект да се реализира во Собранието и да воведеме еден нов стандард во работењето.

Бидејќи Владата не го прифати овој амандман, ги повикувам сите колеги пратеници да го поддржиме амандманот и на тој начин да обезбедиме поуспешна и поефикасна работа овде во Собранието.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Мојата дискусија исто така ќе биде во смисла на поддржување на амандманот.

Лицемерие е од страна на нас пратениците и од страна на Владата како предлагач на Буџетот за 2007 година, да кажуваме дека секој ученик ќе има персонален компјутер, а пратениците во Парламентот на Република Македонија, дури и да имаат сопствен персонален компјутер, лаптоп, не може да го користат во овие простории, бидејќи компјутерската мрежа не задоволува, нема можност за приклучок и сите се оптоваруваме 10-15 килограми харитија и материјал, што не можеме ниту да ги обработиме, ниту има реални шанси сето тоа да се следи. Колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и останатите пратеници од позицијата треба да имаат слух и да го поддржат овој амандман кој е за доброто на сите нас пратеници.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмано.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 15, воздржани 3, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02001 за додавање нова Програма 3 потпрограма 30 по ставката 483 категорија 46 ставка 464 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Соња Гелова Стојанова, Ристо Стојанов, Зоран Петрески, Панче Дамески, Јаготка Ивановска, Ратко Димитровски, Миле Пачемски и Нада Станчевска и од пратниците Борис Кондарко, Никола Рилковски, Благородна Цветковска, Верица Филипова, Сафет Незири, Селвие Салиу, Ајше Селмани и Садула Дураку.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Буџетот на Република Македонија.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02004 за додавање нова Програма 2 потпрограма 20 категорија 40 ставки 401, 402 и 403 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 21 категорија 41 ставка 412 поднесен од пратеникот Ружди Матоши.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа. Има технички проблеми во врска со неговото составување и евентуална реализација.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 04002 Програма 1 потпрограма 11 ставка 461 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Тале Герамитчиоски и Владко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа, затоа што преку Службата за општи и заеднички работи се обезбедени средства за функционирањето на Македонската информативна Агенција (МИА).

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека Комисијата за транспорт и врски еднаш расправаше околу овој амандман, во присуство на министерот. Имено, се работи за еден договор односно за договорот што Владата на Република Македонија го има склучено на 15 години со МИА на ден 13.06.2006 година. Овој договор предвидува или во него е утврдено, вестите и другите прес информации за државните органи и за другите буџетски корисници, како и за другите субјекти што вршат функции од јавен интерес, од 1 јануари 2007 година да го примаат бесплатно, а средствата за таа намена, за МИА да бидат предвидени на годишно ниво во Буџетот на Република Македонија. Во Предлог буџетот овој договор не е земен предвид. Токму затоа го предложивме овој амандман од Програмата 10 точка 465, трансфери за јавни претпријатија, во Разделот на Службата за општи и заеднички работи, наместо 14 милиони колку се предвидени, да се изврши измена и согласно член 5 од овој договор, да стои 30.996.000 денари. Ова од причина што во договорот е регулирано со буџетските корисници, а сите знаеме дека МИА со вести ги снабдува весниците, радијата, телевизиите на нашите иселеници и тоа бесплатно.

Доколку направиме една мала споредба на МИА, ќе видиме дека МИА е со најмал буџет на Балканот. Таа е членка на АБНА, Асоцијацијата на балканските новинарски агенции. Само за споредба, Бугарската национална агенција е со 8,5 милиони евра, грчката со 9 милиони евра, хрватската со 8 милиони евра итн.

Цеман дека Владата ќе изнајде начин, можеби не од овој раздел, од некое друго место, да го испочитува овој договор. Мислам дека овој амандман треба да биде прифатен.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам да не се повторувам со колегата Ќуркчиев, но кога на Комисијата за транспорт и врски на Собранието на Република Македонија, во присуство на министерот ја поставивме оваа проблематика, го отворивме тоа прашање, ни беше соопштено дека средства за МИА ќе бидат обезбедени преку буџетот на Службата за општи и заеднички работи. Но, преку дополнителни анализи или прибирање на информации, после тој состанок, не ги утврдивме изворите кои ќе овозможат да се испочитува договорот потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и МИА, на 13.06.2006 година, во нашето образложение е поткрадната една грешка, бидејќи не ја знаеме толку таа проблематика. Значи не за финансирање на јавниот сервис на МИА, туку 30.996.000 денари за плаќање на услугите за јавниот сервис МИА, треба да стои во образложениeто.

Доколку внимателно го проанализирате договорот кој е напишан, јасно и децидно се утврдени обврските на државата за надополнување на финансиските обврски спрема МИА, со точна сума и точни параметри во кој домен треба да се очекуваат обврските од страна на давателот на услугите. Затоа имајќи го предвид значењето на информациите кои се доставуваат од страна на оваа Агенција, за функционирањето не само на Владата на Република Македонија, туку и за сите други јавни институции и установи кои ги користат услугите односно сервисот на оваа агенција. Апелирам да се усвои овој амандман, како би се испочитувал договорот и како не би влегле во некој судски спор кој исто така е предвиден во членот 8 од завршните одредби на договорот склучен со МИА.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Веле Митановски.

**Веле Митановски:**Благодарам потпретседателе.

Не би образлагал многу. Образложенијата што пред малку се дадени ми се прифатливи.

МИА е акционерско друштво во сопственост на државата. Владата е еден од акционерите таму и ние мислам дека ги имаме сите обврски да создадеме услови за несметана работа и

функционирање на МИА како новинска агенција на Република Македонија.

Сум работел во таа куќа, добро ја знам функцијата што ја остварува во земјата и во странство, кон дипломатските претставништва итн и мислам дека Владата треба да најде можност овој амандман да биде прифатен односно да се создадат услови за несметана работа на МИА, впрочем како што беше и минатата односно оваа година, со истите параметри и со истиот договор.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 15, воздржани 2, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 05001 Програма 2 потпрограма 20 ставка 401 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратенинците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Овој амандман го предложивме со колешката Цветанка Иванова заради тоа што проблемот на овие луѓе е воопшто проблем на државата и ќе мора конечно веќе некако да се решава. Тоа беа и ветувањата на Владата и на парламентарното мнозинство. Меѓутоа, бидејќи не видовме такви средства, предложивме еден амандман за кој искрено мислевме дека Владата ќе го прифати, се со цел да може дипломираните потпоручници на Воената академија да бидат вработени.

Знаеме дека овие млади луѓе како образовен кадар за кои државата издвојувала средства да ги школува и се школувани според стандардите на НАТО, е ненадомеслива штета за АРМ, меѓутоа и за Република Македонија, а впрочем нанесуваме штета и на нив како личности. Од тој аспект, имајќи ги предвид овие причини, бидејќи Владата не најде доблест да го прифати овој амандман, ги повикувам сите пратеници, пред се пратениците од парламентарното мнозинство, да им дадеме шанса на овие образовани кадери, какви всушност заслужува да има АРМ и за што впрочем државата има вложувано во нив.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, господинот Славески.

**Трајко Славески:** Сакам да го известам господинот Спасовски, а и јавноста на Република Македонија дека Владата неодамна обезбеди да бидат примени на работа 96 дипломирани потпоручници од последната генерација, во повеќе органи на државната управа. 21 од нив се примени во Министерството за одбрана, 30 во МВР, 22 во Министерството за правда, 10 во Дирекцијата за заштита и спасување, 10 во Центарот за управување со кризи, 3 во Дирекцијата за класифицирани информации, на работни места кои тие ги прифаќаат и се блиску до она за што тие се образувале.

Владата на Република Македонија, го има овој проблем во вид и како што гледате го решава во рамките на расположивите можности и средства.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Го слушнав образложението на господинот министер Трајко Славески и се надевам дека навистина Владата ќе води и води сметка за вработување на овие потпоручници кои впрочем се образувани и едицирани со средства од државата и дека тие навистина можат да дадат придонес само на она место за кое се и едуцирани.

Бидејќи, колку што мене ми е познато останати се уште 22 потпоручници, добро е пратениците да го прифатат овој амандман, да се обезбедат средства за во иднина Владата во целост да може да го реши ова прашање затоа што сметам дека овие 22 потпоручници се образовани согласно стандардите на НАТО, вложувано е во нив и жалосно е да бидат оставени или да бараат работа таму каде што навистина не припаѓаат.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмано.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 14, нема воздржани, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 05001 Програма Б потпрограма Б ставка 483 и Раздел 18001 Програма 1 потпрограма 1А ставка 482 поднесен од пратениците Есад Рахиќ и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот пратеник Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Ова е еден мал напор од мене како пратеник, сакајќи да ги поддржи приоритетите на Владата. Како што рековме дека НАТО интеграцијата е една од најбитните, особено што координатор на тоа тело што работи на оваа проблематика е и самиот премиер и сметав дека ако се одземат од одредена ставка, што неспорно е дел од вашите приоритети како на Влада, мислам дека во овој случај поприоритетни се НАТО интеграциите, дека ќе се обезбедат средства за да се отпочне со изградба на офицерски станови. Зошто тоа го кажувам? Ако нашите најдобри амбасадори се нашите војници во мировните мисии, верувајте малку чудно е да пратите еден поручник, капетан, или професионален војник некаде на неколку илјади километри од Македонија во интересите на граѓаните на Република Македонија и нашите интереси како држава да седи дома под кирија или не дај Боже да се случи неговото семејство да остане незгрижено. Претпоставувам дека овој амандман немаше да се прифати, меѓутоа, би ве замолил како Влада во вашите приоритети понатаму да почнете да размислувате позитивно во овој сегмент, затоа што сепак оваа држава мора да се грижи за овие луѓе кои што дефинитивно ја претставуваат Македонија во најдобро светло. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор министерот за финансии.

Повелете.

**Трајко Славески:** Владата секако размислува позитивно и ги цени приоритетите на Министерството за одбрана. Министерството за одбрана е министерство со капацитет кое што навистина, најверојатно води сметка и за овие прашања.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 15, нема воздржани, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 05001 Програма 5 Потпрограма 50 за додавање нова категорија 48 по ставка 426 и ставка 482 и раздел 18001 Програма 1 Потпрограма 1А ставка 482, поднесен од пратениците Есад Рахиќ и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот пратеник Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер за финансии,

Како и во претходниот случај, зборувајќи за приоритетите на државата, сметам дека нашите мисии, односно мисиите на нашата Армија во странство заслужуваат поголема поддршка. Пред малку не сакав да реплицирам, само да ве потсетам, проверете, ќе ве замолам, колку офицери во чинот на капетан, мајор, потполковник, живеат под кирија. За тоа не сакав да реплицирам, да не губиме време. Меѓутоа, овде станува збор за 100 милиони денари, кои што во ставката 483 купување на мебел, опрема, возила и машини со 382 милиони денари би се зголемил за уште 100 милиони. Зошто ова го кажувам? Го кажувам затоа што сметам дека во согласност на она што го имаме како декларирани единици, кои што до крајот на оваа година и наредната година ќе мораме да ги прикажеме, не само на хартија, туку комплетно опремени, сметам дека треба да се извадат повеќе пари. Не сакајќи да навлегувам во делот на културата, искрено да ви кажам, не дека не сум љубител на културата и дека низ културата не можат да се постигнат одредени цели, меѓутоа изградба на стар објект во Скопје, односно стар театар во Скопје, ми изгледа на една позната изрека на еден уште попознат градоначалник, кога го бомбардираа Дубровник рече дека ќе изградиме постар и поубав Дубровник. Не сакајќи да правам такви аналогии, јас се согласувам дека треба да се инвестира во културата, меѓутоа, зборувајќи за приоритетите, сметам дека оваа ставка на пари е многу мала и сметам дека можеби со 100 милиони, кои се и тие незначителни сепак ќе се подобрат одредени стандарди кои се потребни. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 16, нема воздржани, 50 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 05003 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 423 и 425 и раздел 05001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 10, нема воздржани, 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 05003 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 и раздел 05001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 10, нема воздржани, 54 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 05003 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 482 и 483, раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 и раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 ставка 425, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеника, за гласале 10, нема воздржани, против гласале 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001 Програма В Потпрограма В2 за додавање нова ставка 425 по ставка 424 и раздел 06001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратениците Марија Андоновска и Илија Димовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07001 Програма 1 Потпрограма 1Б ставка 481 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07001 Програма Г Потпрограма ГА ставка 481 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Овој амандман не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

Повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе,

Иако очекував овој амандман да се прифати, не е прифатен. Ќе кажам зошто го поднесовме овој амандман.

Овој амандман го поднесовме заедно со колегата Оливер Спасовски, затоа што сметаме дека Владата во овој Буџет треба да обезбеди повеќе средства, кои што ќе се однесуваат на довршување на градежните работи на објектите на основните и апелационите судови. Можеби не сте имале сите можност да влезете во судовите ширум нашата држава, но оној кој што бил ги знае условите во кои што работат нашите колеги судии. Без малку, скоро да немаат кабинети, а за сали за судење, за судници, не станува збор. Голем дел од судиите судат по кабинети, голем дел од судиите судат повеќе судии во една сала, со тоа со немањето на просторни услови сето тоа делува врз ефикасноста на работењето во судовите, а свесни сме дека сите ние зборуваме дека се повеќе треба да работиме и да се создаваат услови судството да ни биде ефикасно. Особено во поголемите судови, каде што имаме и поголем број на судии изразен е овој недостаток на простор. Затоа, барам или молам пратениците да ги имаат моите аргументи зошто е поднесен овој амандман и зошто треба да се прифати и да го поддржат овој амандман. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор господинот пратеник Оливер Спасовски.

Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе , почитуван министре,

Овој амандман беше или е сличен како претходниот амандман, што се однесуваше на Јавното обвинителство, што беше прифатен и за тоа сакам да изразам благодарност. Навистина, како држава која што се стреми кон евроинтеграциите, или постојано еден од главните услови за остварување на овој процес се јакнење на независноста на судството и навистина е незамисливо да нема доволно

обезбедено простор, односно просторни услови за работа на основните и апелационите судови.

Од тој аспект, со колешката го поднесовме овој амандман, се со цел да може да се започне со градба на одредени згради кои што ќе бидат во функција на основните и апелационите судови, или за довршување на веќе започнатите градежни работи.

Знаеме дека во голем дел од овие згради или судови ги делат со основните Јавни обвинителства, има недостиг на простор за канцеларии за сместување на судиите, меѓутоа, и за сали во кои што ќе се одвиваат судските процеси и мислам дека прифаќањето на овој амандман ќе овозможеше за создавање на елементарни услови во работата и со тоа да направиме еден од чекорите кон јакнење на судската власт во Република Македонија, што е приоритет за државата.

Од тој аспект, сакам да ги замолам колегите пратеници да го поддржиме овој амандман и да овозможиме, или да направиме еден чекор напред во јакнењето на судската власт. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван господине потпретседател, почитуван господин министре, колеги пратеници,

Владата постојано се повикува на континуитет во работењето, тоа го истакна и заменикот на претседателот на Владата, кога зборуваше овде пред нас во однос на Извештајот на Европската комисија за напредокот во процесот на реформи на Република Македонија за 2006 година.

Значи, Владата во континуитетот го потенцира како начин на работа, а под континуитет се подразбира продолжување на сето тоа што претходно, од претходната Влада и од претходниот Парламент е сработено во сферата на реформите во правосудството дека сега се продолжи.

Јас навистина, би била задоволна ако тоа сега пред нас го гледаме и преку Буџетот, а не само преку Буџетот. Навистина значи континуитет во работењето на Владата. Но, наспроти овој континуитет ние гледаме буквално прекин во работата, во однос на реформите во правосудството. Бидејќи расправаме за Буџетот, јас нема да зборувам за законските обврски кои ги има преземено оваа Влада, туку конкретно во однос на Буџетот. Ако ние се приближуваме кон Европската унија, мора да ги следиме и стандардите кои таму се почитуваат во сферата на судството. Тоа значи дека процентот на паричните средства од бруто домашниот производ треба да изнесува 2% до 4%, за да може да сметаме дека се приближуваме кон европскиот стандард. Но, она што се прави со Буџетот во сферата на судството кај нас претставува само шминкање, или пак би рекла повеќе, додворување на судската власт преку зголемување на одредени износи за трошоци за кои што има многу причини, кои што можат да се наведат повеќе како субјективни, зошто претходните години не се исплаќани, но не и континуитет, или пак зголемување на обврските кои значат зголемување на обемот на капиталните инвестиции. Ако во претходните години во изминатите 4 години на претходната влада и парламентарно мнозинство имавме јакнење на инфраструктурата во судството, тоа не може да се каже за Буџетот за 2007 година.

Во изминатите 4 години се изградија многу судски згради, се реновираа во Прилеп, Струга, да не ги набројувам, многу се зградите, тоа го знаат повеќе и граѓаните од внатрешноста, кои што бараат остварување на своите права во судските постапки. Од ден на ден се инвестираше во судството преку буџетски средства, пред се, во сферата на капитални инвестиции, но и преку бројни проекти за кои Владата покажуваше интерес, или со инсистирање на Владата беа одобрувани. Би ги спомнала и проектите преку КАРДС, во соработка со Европската агенција за реконструкција и во соработка со УСАИД во однос на проекти за 7 пилот судови кои значеа отстранување на тесните грла во судството, претежно во делот на административната работа, но значеа и развој на инфраструктурата во судството. Тоа реков можат да го почувствуваат граѓаните, оние кои секојдневно одат во судниците и наместо сега со овој Буџет, тоа што е направено, или пак можеби и не е доволно, не е во доволна мера направено претходно да се развива, сега имаме драстично намалување на финансиските средства за капитални инвестиции, значи, за градежни објекти во судството. Ако минатата година имавме зголемување наспроти 2005 година, сметам дека навистина со право претставниците од судската власт требаше да очекуваат овој број во износ на парични средства да биде зголемен. Јас знам дека можеби во одговор би се јавил и министерот за правда, министерот за финансии да каже дека можеби се надеваат, или дека се нивните предвидувања такви за инфраструктура во судството да се трошат парични средства од заемот од Светска банка, но мислам дека таквиот одговор би бил несоодветен, затоа што Република Македонија се набљудува и од аспект на сопствени вложувања. Секогаш кога барате донации, или пак кога барате дури заем, треба да исполните одредени критериуми кои значат можност на државата сама да инвестира, дури и во моментот кога ќе и ги покажете и сопствените капацитети, дури тогаш може да очекувате повеќе донации, а повеќе и заем. Оние што работат со Светска банка знаат кои се условите за земање на заем, а ако тука пак се надоврзе и прашањето за камати и други издатоци што се поврзани со заемот, сето тоа ќе биде повторно на товар на Буџетот. Мислам дека ваквата политика на Владата апсолутно не одговара на потребите во судството. Кажав, сето тоа што се прави околу зголемување на дел на трошоци, а на штета на капиталните инвестиции, негативно ќе се одрази во судството, посебно во

оваа година кога треба да се изврши реорганизација, односно од 1 јануари 2007 година веќе ќе започне примената на новиот Закон за судови, согласно новата организација на судството, што значи информирање на одделенија за борба против организираниот криминал во Струмица, тоа се значи нови делови во Штип, во Скопје, во Битола, ќе имаме и во Тетово, каде што ќе треба да се направат дополнителни вложувања, за да може овие одделенија да функционираат.

Повикувањето на Владата само на борба против организираниот криминал и корупција, без тоа да биде следено со инфраструктура, претставува само гола декларација, или пак настојување да се почитуваат можеби законите, но на штета на слободите и правата на граѓаните, оние слободи и права кои мора да бидат заштитени во моментот кога ќе бидат поведени постапки за вакви кривични дела пред соодветните судови.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господин Вељановски Трајко.

Повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе.

Во врска со овој амандман поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски, во кој што се укажува на потребата од зголемување на буџетот за судството во однос на изградба на објекти, кои што се многу значајни и точно е дека е така. Но, сакам да потсетам дека најголеми и најкрупни објекти кои што беа направени, беа направени во судството од 1998 до 2002 година. Тогаш се направија многу судови, кои што и претходната власт голем дел од тие проекти кои беа започнати, вклучувајќи го судот во Прилеп и другите судови, ги продолжи и некако сликата во судството во однос на градежните објекти се исправи. До некаде можеме да кажеме не е солидна на ниво како што треба да има една трета власт, но сепак некако се подобри таа ситуација. Јас мислам дека треба да се направи едно решение во кое што генерално би било решено финансирањето во судството. Зошто го кажувам тоа? Затоа што не би требало да се доведе едната власт, тоа е третата судска власт да зависи од тоа дали некој пратеник ќе поднесе амандман, дали некој од министрите за финансии ќе го одобри тој амандман, затоа што се сеќавам кога бевме на власт пред 2002 година, една од крупните реформи кои што требаше да се направат во судството, требаше да се донесе закон за судски буџет. Тогашната власт ВМРО-ДПМНЕ го направи законот, но имаше еден генерален проблем со Министерството за финансии во однос на стапката на финансирање, која што треба да биде за судството. Мое залагање и другите министри што беа за правда, беше да има еден процент кој што би бил кажан во Законот за самостоен судски буџет, во кој што од прилика би изгледал 1,5% од вкупниот буџет во Република Македонија. Тогаш, не би зависела судската власт од една од другите власти, а тоа е извршната власт односно од Министерството за финансии.

Тоа беше основниот проблем и тогаш ние како власт не го поднесовме тој тип на Закон за самостоен судски буџет, затоа што знаевме дека тоа е круцијалното прашање во однос на самостојноста на судството. Затоа што, ако го решите финансирањето да не зависи судството од другите власти, многу ќе се постигне во однос на неговата независност. Но, за жал, претходната власт веднаш доаѓајќи на власт во 2002 година, истиот тој закон кој што беше во фиоките во Министерството за правда и кој што не беше пуштен, само од една цел, затоа што не можеше да се постигне консензус со Министерството за финансии во однос на финансирањето, во однос на стапката за финансии што треба да бидат одвоени и кој не би зависел судството да биде зависно од Министерството за финансии. Тогашната власт истиот тој Закон го поднесе и го усвои во Собранието, во кој што искажа дека една од големите придобивки на тогашната власт било носењето на Закон за самостоен судски буџет. Точно е тоа дека е потребен таков закон, со содржина во која што би биле опфатени сите 31 субјект во судството во 31 суд, во една ставка на буџетот и би биле распоредувани согласно потребите кои што самите судии би ги одределе, како што е кажано во Законот, многу е битно и значајно колку ќе се одвојува од вкупниот буџет на Република Македонија. До колку смогнеше сила и претходната власт, а мислам дека и оваа власт треба тоа да го направи, да смогне сила, да се утврди процент во самиот Закон за самостоен судски буџет, во кој што не би зависело од волјата на Министерството за финансии, од Владата, колку треба да се одвојува во буџетот на Република Македонија за одредени поправки, изградби, одредени плати  кои што треба да бидат вградени во буџетот на судството за вработените и да се доведеме во ситуација една од властите, тоа е судската власт, да биде зависна од другите власти, што сепак не е добро. Тоа не е добро, затоа што знаеме дека судството, поготово сега е под присмотра во однос на неговата независност и самостојност и ако го решиме генерално, зборувам генерално не само за овој буџет, па и за ордредени средства кои што пратениците бараат да се зголемат, туку генерално да го решиме проблемот на независноста во однос на финансирањето на буџетот во судството. Тука треба да се насочиме, зборувам ние како власт, зборувам како пратеници, зборувам како една од властите  каде што треба да помогнеме во однос на независноста на финансирање на судството. А, не со тоа, дали некој ќе има волја, добра волја да поднесе амандман или некој од страна од извршната власт ќе има волја да го прифати тој амандман. Значи, јас се залагам за едно генерално решавање на  независноста на судството во однос на финансирањето.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор како предалгач на амандманот пратеникот госпоѓа Иванова Цветанка.

Повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Мене многу ми е чудно зошто секогаш кога ние за нешто расправаме, мора да мешаме историја, географија и да се враќаме не знам каде тука да расправаме кој што направил, кој колку направил и кој зошто не направил. Дајте да почнеме да ги решаваме проблемите. Во моментов во Република Македонија најважна работа е реформи во судството. Затоа и пристапивме кон измени на Уставот. Затоа, постепено почнуваме да работиме на независност и ефикасно судство. Со донесувањето на уставните амандмани, со донесувањето на пакетот на закони кои што овозможија независност со решението овозможуваат независно судство, сметаме и очекуваме дека во иднина нашето судство ќе биде барем малку понезависно, отколку што било до сега. Но, секако мора да работиме и на ефикасноста на судството. За да биде ефикасно судството, како впрочем и секоја институција, потребно е да се има и услови за работа. Факт е дека услови за работа во моментов голем број на судови, голем број на судии немаат. Колегата Трајко Вељановски знае дека, еве да тргнеме од Основниот суд од каде што јас доаѓам, од Струмица. Практично, во една судница чекаат да судат тројца судии. Значи, една судница, а тројца судии судат. Тоа значи дека немаме ефикасност во работењето, затоа што двајца од тројцата судии ќе останат денес да не насрочат предмет. Колегата Вељановски добро знае дека, не само тоа што бараме ефикасност од работењето, туку тоа си го бара и нормата која што е поставена пред судиите. Сега, да не зборуваме дека состојбата во судството требало генерално да ја решиме, некој помалку или повеќе ја решил, туку да видиме што можеме во моментов и дали нешто во моментов можеме да подобриме. А, за генерално решавање на проблемите, целосно мислам дека во овој момент ниту е поставена точка на дневен ред, ниту пак можеме тоа да го направиме. Сега се донесува буџет, сега се утврдуваат ставките и износите на средствата кои што се предвидени во одделни корисници во буџетот и сега бараме барем малку, ако не се изборивме за нас, за законодавната власт, бидејќи поминаа веќе поважните амандмани кои што беа за независност на законодавната власт, дајте да можеме да обезбедиме нешто со малку средства, барем со овој буџет да му овозможиме на судството простории, да му овозможиме услови, за потоа да можеме од нив да бараме ефикасност.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи од двајцата предлагачи, колешката Цветанка е носител на амандманот и доби збор од име на предлагачите.

Реплика три минути има пратеникот госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Кога зборуваме за судскиот буџет и за независноста на судската власт, не смееме да го заборавиме Уставот на Република Македонија каде што во член 68 стои дека Собранието на Република Македонија донесува републички буџет и завршна сметка на буџетот. Значи, буџетот во Република Македонија е единствен и од тие причини не може судскиот буџет да биде нешто независно од тоа што претставува буџетот во Република Македонија, нормално, се додека не се одлучи поинаку овде во овој парламент, бидејќи таква е постапката. Додека важи овој Устав, тој мора да се почитува. И токму затоа Законот за судски буџет донесен во септември 2002 година, имајќи ги предвид овие уставни рамки, го изготви Законот кој што овозможува следење на состојбата во судството, но и прогнозирање на средствата за буџетот во наредните години, да биде во соработка со судската власт. Токму затоа во Законот е предвидено дека тоа е направено од страна на претходната Влада, претходното парламентарно мнозинство, на седницата на Владата на која што се расправа за буџетот, да биде поканет и претседателот на Врховниот суд. Значи, не можеме да разговараме за нешто друго што е надвор од Уставот. Претходните настојувања да се направи нешто, можеби биле само настојување, но сепак треба да ги гледаме фактите кој е тој што го направил конкретниот чекор и кој настојува да ја унапреди состојбата. Мислам дека во однос на ова прашање нема дилема, јас се согласувам со колешката Цветанка која вели дека не треба да се враќаме назад, да ја разгледуваме историјата и што е тоа што се случувало, но во моменти кога постојано сме на тоа предизвикувани од страна на нашите колеги од парламентарното мнозинство, не можеме да избереме поинаков начин, затоа што во дијалогот кога има двајца, сакајќи или несакајќи морате да одговорите на она на што ве упатуваат вашите соговорници.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Вељановски Трајко.Повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе.

Кратко би кажал дека јас во моето излагање не укажав дека треба да биде судскиот буџет надвор од буџетот на Република Македонија како самостоен, туку основната поента, треба со Законот за самостоен судски буџет да се даде процент од целокупниот буџет. Тогаш, со носењето на тој Закон, доколку се утврдеше тој процент, не ќе имаше потреба од милостиња на извршната власт во доделување на одредени средства на судската власт. Туку, тој ќе беше стриктно одреден, како што имаше одредени укажувања од самото судство дека треба да изнесува 1,5% од вкупниот буџет на Република Македонија и тогаш генерално ќе се решеше финансирањето на судството во однос на

неговата независност, во однос на финансиите кои што треба да ги зафаќа судството.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Спасовски Оливер.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

И во првичното мое излагање или аргументирање на овој амандман, јас реков дека ако еден од приоритетите на Република Македонија во овој период, со цел што побрзо да ги оствариме нашите евоинтеграции и аспирации, мислам дека е реформата во судството. Токму и заради тоа овој амандман беше поднесен. Сите добри работи кои што биле направени во претходниот период за судската власт се виде дека тоа не е доволно и дека треба да се прави темелна реформа. Меѓутоа, да направите темелна реформа, а да немате услови, елементарни услови за работа на основните и апелациските судови, навистина е бесмислено. Имајќи ги предвид сите долгопви кои што ги имаат сега основните и апелациските судови, имајќи предвид дека не можат поштата да си ја испраќаат или да ги подмират основните комунални услуги, навистина е добро темелно да се решава овој проблем на судската власт во Република Македонија. Ние имаме Закон за буџет кој што секако не може да биде издвоен од буџетот, меѓутоа сепак согледуваме дека нема механисми или не сме направиле доволно механизми за одделување на погхолеми средства кои што би ја сервисирале судската власт во овој период. Токму заради тоа ако ги погледнеме овие факти, во моментов кога го разгледуваме буџетот за 2007 година, предлагаме едно вакво решение и не треба да биде изговор за изнаоѓање на целосно решавање на проблемот на судовите во Република Македонија, да не се гласа за овој амандман. Мислам дека и за напредок на судствака власт и за зајакнување на независноста на судството во Република Македонија и за исполнување на еден од главните услови на евроинтеграциските процеси, треба да придонесеме со прифаќање на овој амандман, да овозможиме поголеми средства со кои што ќе може да се започнат одредени работи и активности во рамкие на судството. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот господин Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам господине Анастасовски.

Иако, овде се расправа за буџетот на Министерството за правда, со оглед дека во Буџетот на Република Македонија сеуште постојат некои не до крај дефинирани технички проблеми околу трансферите на средствата кои се за судството и преку судството и преку Министерството за правда, очигледно е дека расправата навлезе и во судскиот буџет, кој е базичниот столб на финансирање на судството во Република Македонија. Освен овие што одат како инвестиции преку Министерството за правда. Интересни размислувања слушнавме од господинот Вељановски во врска со тоа како треба да се реши, јас сум зачуден зошто му е потребна критика на власт која го донела Законот. Меѓутоа, добро, очигледно начинот на расправа во овој Парламент на може да базира на идеи, туку секоја идеја мора да биде поткрепена и со малку поттурнување на преходниците за секој случај. Меѓутоа, господинот Вељановски, по мое длабоко уверување, во рацете има два инструменти.

Првиот инструмент е пратеник. Ако тој е уверен дека во Законот за судски буџет има дополнителни идеи кои се продуктивни и кои неговата партија ќе ги прифати, тогаш јас го повикувам веднаш тоа да го направи по пат на Предлог-амандман на законот односно закон за измена и дополна на Законот за судски буџет. Впрочем, за тоа постои Собранието. Ако некој мисли дека има потреба од дополнителни промени на законите за финансирање на овие дејности, кои се буџетски финансирани, тоа да го направи.

Јас се надевам дека господинот Вељановски како втор човек во парламентарната група ќе го поднесе законот односно амандманот и се надевам дека ќе добие поддршка од сопствената Влада. Инаку, ќе ја сметам за демагошка дискусија во која вториот човек на парламентарната група кажува дека законот не е добар и дека треба да се врзе со некои проценти, а дека не го поднесува тој амандман или ако го поднесе, па неговата Влада не го прифати тој амандман. Тогаш, господине Вељановски, тоа навистина е малку демагошки, затоа што опозициски пратеник може да дискутира затоа што нема мнозинство во Парламентот и да дава идеи, меѓутоа, ако дискутира во насока на измена на законите и критикување на решенија кои постојат дека не се добри, тогаш следи измена на тие закони. Затоа и власта е власт, а не е опозиција.

Инаку, господинот Вељановски соопшти еден процент кој треба да се врзе во законот и кој се надевам дека е негова грешка, ненамерна грешка, затоа што тој спомнува 1,5% од буџетот дека треба да се врзе, а јас мислам дека министерот за финансии ако сака да биде малициозен, тоа веднаш ќе го прифати и ќе го реши проблемот на тој начин што ќе го преполови постојниот судски буџетски совет. Бидејќи износот на средства кој сега се издвојува е многу повеќе од 1,5% од буџетот на Република Македонија во корист на судскиот буџет, така што тоа врзување во врска со процентот мислам дека е некоја грешка.

Ако мислеше на 1,5% од БДП, тогаш е гешката уште поголема, бидејќи тоа се огромни средства. Во овој случај е 4,5 до 5 милијарди. Тоа е 4 пати повеќе од тоа што сега се предлага. Така што, самиот факт покажува колку е тешко да се влезе во такви пресметки. Меѓутоа, лично сум подготвен да го поддржам господинот Велјановски ако поднесе предлог, прифатлив, што ќе се врзе со процент, судската власт во Република Македонија, па дури сега, откако со уставните

амандмани се зголеми степенот на независноста на апсолутно ниво, бидејќи сами се избираат, Парламентот веќе апсолутно нема веќе никакви ингеренции и предлози и конкурси и именувања и разрешувања, се е во рацете на едно тело, така што Парламентот таму нема повеќе од тројца што ги избира и еден индиректно, преку изборот на министер, значи четири од вкупно 15. Сега може да се зборува за зголемување на сртепенот, меѓутоа треба да видиме како тоа треба да се изведе, за да биде во корист на судската власт.

Инаку, расправајќи за овој Судски буџетски совет, ќе повторам нешто што кажав во општиот претрес. Мислам, ако Судскиот буџетски совет е задоволен од средствата што ги добива со овој буџет, зошто ние пратениците би биле загрижени. Јавно го слушнавме претседателот на Судскиот буџетски совет како рече дека нема никакви заблелешки на овој буџет. А, јас само да потсетам дека овој буџет е за 10.милиони денари помал од буџетот за 2006 година, а во судството престојат реформи и престојат реорганизирање на судовите, согласно Законот за судовите, формирање на апелациски суд итн.Мислам дека ние не треба да сме позагрижени од независните судски власти во врска со тој буџет.

Инаку, намалувањето е и кај платите, со оглед на тоа што тие се врзани со закон за платите на судиите, а за државните службеници кои работат во судството, тие се врзани со друг закон. Намалувањето, очигледно значи друго намалување, значи некакво намалување на бројот на вработените таму, што исто така е малку нејасно за мене.

Меѓутоа, она што е најбитно, што го кажа и господинот Оливер Спасовски е дека има намалување кај ставката за стоки и услуги кај судовите. Тоа е најболната точка за тековното финансирање на судството. Така што, кога ќе дојде и тој раздел, таму ќе треба да разговараме подецидно.

Би сакал да завршам со следново, дури и да се прифати идејата на господинот Вељановски, судството да го врземе со процент, јас би бил приврзаник за тоа ако има некој разумен процент, што не би одел на штета на другото. Меѓутоа, какво фајде од таквото врзување, кога Парламентот, Владата и државата во целина веќе се обврза на таков процент врзан со БДП кај Министерството за одбрана. И сега, во годината во која очекуваме, во наредната година, да се завршат сите подготовки и конечно да добиеме покана за членство, ние буџетот за Министерството за одбрана, наместо процентот за што сега се залагаме во судството, е врзан во одбраната на 2,3 се намали на 2,1, очигледно дека Собранието, дури може да носи и свои акти, без разлика какви, закони, резолуции, декларации, дури и со меѓународно значење, како во случајот со НАТО, Владата и Парламентот, затоа што Парламентот на крајот го усвојува буџетот, да не го испочитува тоа.

На примерот на одбраната, ова не е испочитувано. Само го чекам моментот кога некој ќе соопшти од место што не треба, од Брисел, на Владата и на Парламентот дека вие, сопствените резолуции за НАТО не ги почитувате и немојте да очекувате дека ние за тоа ќе бидеме поотворени од вас самите. Од тој аспект јас сум скептичен за врзување, затоа што кај нас законите подлежат на политичка волја, а не на извршување од страна на владите. Сега да сумирам, ако господинот Вељановски го поднесе овој предлог, јас ќе го поддржам. Меѓутоа, да има поднесување што ќе базира на математика. Инаку, 1,5% од буџетот, не е предлог, бидејќи е помало од сегашниот буџет. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот, господин Вељаноски Трајко. Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Вака како економиста, господинот Никола Поповски ги извртува фактите. Дава бруто производи, како ги кажува, другиот буџет.

Само едно сакам да кажам, дека јас ова не го измислив. Јас го кажувам ова што постоеше кога се носеше Законот за самостоен судски буџет. Тогаш тоа беше поддржано од експертите, беше поддржано од самата судска власт и тој процент беше даден од нивна страна. Од страна на самото судство во кое што кажуваше дека не е доволно 31 сметка да бидат врзани и ставени на една сметка, на буџетот на судството и на тој начин сме постигнале некаква независнот во однос на финансирање на судството. Туку, треба да издвојат доволно средства во кое што судството би ги исполнило задачите што стојат на располагање, согласно законите и би било најбитно да биде независна во однос на финансирањето, да не зависи од Министерството за финансии.

Гледајќи го излагањето на пратеникот Никола Поповски, сега можам да заклучам при носењето на тој закон за самостоен судски буџет од каде излегла кочницата во однос на утврдување на процентот за финансирање на судството. Веројатно тој, како тогашен претседател, мислам беше на Собранието и после како министер за финансии, таа идеја што беше и постоеше, стои во архивите на Министерството за правда барањето од самото судство да биде врзано со проценти, веројатно искажувајќи вакви аргументи, неговото залагање било да нема проценти во Законот за самостоен судски буџет.

Инаку, во однос на поднесувањето на измени и дополнувања на тој Закон за самостоен судски буџет, не амандмани, како што кажува господинот Никола Поповски, ве уверувам дека јас ќе го поднесам, па да видиме дали ќе помине на Собрание. Дека Собранието е тоа кое одлучува. Можеби и Владата ќе го прифати понатаму. За тоа, потоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута котра реплика за пратеникот господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Ако сакаме расправа во Парламентот, мораме да бидеме прецизни. Имам

впечаток дека господинот Вељановски нарочно избегнува и свесно избегнува прецизности за да ја дефокусира распрата што самиот ја започна.

Прво, самиот кажа дека тој закон го подготвиле во нивно време. Сега кажува кој влијаел тој да биде поинаку донесен.

Инаку, господине Вељановски, јас не бев министер за финансии кога се носеше законот, за ваше информирање. И сега повторно ви укажувам тоа што и претходно го кажав. Ако вие инстистирате на процент од 1,5% од Буџетот, немојте воопшто да се трудите да поднесувате закони за изменување на Законот, затоа што тој процент во моментов го имате и тоа надмашен. Го имате околу 2% од Буџетот, одвоени за Судскиот буџетски совет.

Очигледно дека се работи за 1,5% од некоја друга категорија економска, а не од Буџетот на Република Македонија. Но, ако таа категорија е БДП, тогаш е дури фантастично висока сума. Затоа, ваквите дискусии само укажуваат дека нема импровизации кога сакате да решите нешто со закон.

**Иван Анастасовски:** Благодарам, сигналот не се вклучи.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, за гласале 16 пратеници, воздржано двајца, 51 гласале против.

Констатцирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07002 програма 2, потпрограма 20, ставка 401 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратеници Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник госпоѓа Иванова Цветакна, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе,

Овој амандман со колегата Оливер Спасовски го поднесовме со цел да се зголемат средствата наменети за основни плати и надоместоци на вработените во КПУ од причини што сметаме дека, поточно, образложувајќи ги причините зошто не го прифаќа амандanот што беше поднесен во расправата претходно за обезбедување средства за вработување на дипломираните потпоручници на Воената академија, тогаш министерот за финансии кажа дека дел од овие дипломирани кадри се вработени во КПУ. Но, сите знаеме дека дел од овие кадри се распоредени на работни места за кои се бара средна стручна подготовка и примаат плата за средна стручна подготовка.

Од овие причини сметаме дека оваа неправда или систамитизирање на работните задачи треба да биде поинаку решнено. А, да се реши поинаку треба да се обезбеди за овие КПУ поголеми средства, затоа што треба да се покрие недостатокот за плати од делот што е утврден за средно образование до делот што треба да биде утврден за високо образование.

Барам поддршка од страна на пратениците овој амандман да биде подржан.

(Со седницата продолжи да раководи господин Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија )

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има пратеникот Спасовски Оливер. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре,

Образложениeто на амандманот кое што го дадовте во однос на вработувањата на потпоручниците колку и каде има вработено, навистина имам некои податоци кои што во однос на вработување , што се остварени, во однос на потпоручниците, реков дека се школувани според НАТО стандардите и како високо образовани кадри навистина имаме корист и како држава и АРМ, меѓутоа дел од овие потпоручници беа вработени во КПУ, дел во судската полиција и други институции. Меѓутоа, од вкупниот број што беше продуциран како кадар, 8 од нив потпишале изјава со која што бараат да ги продолжат постдипломските сутидии, 10 воопшто не ги прифатиле ниту еден од условите, туку бараат по судски пат да им се оствари правото на вработување, од кои што 70 се вработени : 10 со високо образование во различни институции, додека 60 има вработено со средно образование. Токму дел од нив работат во овие КПУ. Од тие 60, кои се вработени, околу 24 потпоручници имаат поведнео судски спор и бараат да остварат право на засноваље работен однос во АРМ по судски пат.

Токму од тие причини мислевме и мое длабоко убедување е дека токму овие луѓе, во кои државата вложуваше како кадар што е потребен и во овој период, меѓутоа и понатамошниот период кога АРМ треба да биде усогласена со стандардите на НАТО и Македонија ќе биде дел на НАТО алијансата, го поднесовме овој амандман се со цел да овие луѓе кои се вработени во КПУ да добијат плата, согласно нивната струшна подготовка, високо образование. Посебно, имајќи ги предвид условите и сложеноста на работните задачи што ги имаат во овие установи.

Токму заради тоа го поднесовме овој амандман и барам колегите пратеници да го поддржат, се со цел да можеме да ја подобриме положбата на овие наши млади образовани кадри кои, сепак, не ножеа да си го остварат правото за вработување онаму за каде се школувани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има Младеновска Ѓорѓиевска-Мери.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Навистина, не знам како може да веруваме дека со овој буџет потребите се правилно проектирани ако има недостатоци, да не кажам некој потежок збор или грешки при евидентирање на нотoрните факти. На пример, ќе го спомнам образложението на буџетот, каде се набележани приоритетите или целите на Министерството правда за 2007 година, па како приоритети и цели наведено е донесувањето на законот за вршење на нотарски работи и законот за адвокатура. Пратениците од парламентарниот состав од минатиот состав, кои се и сега пратеници знаат дека и овие закони беа донесени пред изборите 2006 година, но можеби Владата не ги следи работите во целина, туку ги гледа програмираните задачи. Овие два закони беа проектирани за ноември 2006 година да бидат донесени, но претходното парламентарно мнозинство, претходната Влада пред време ги изготви и претходниот Парламент ги усвои. А, овде се предвидуваат како приоритети за наредната година. Имаме погрешно изнесување на фактите.

Тоа придонесува за уште поголеми грешки во проектирањето на потребите и средствата што ќе бидат наменети.

Кога станува збор за начинот за исплаќање плати на вработените потпоручници, образуваните потпоручници, распоредени на работни задачи во КПУ во Република Македонија, очигледно е овде дека ставот на сегашното парламентарно мнозинство се менува во зависност од тоа во која улога се.

Од жестоки критикувачи на Владата, од постојаното и секојдневно информирање на јавноста преку ПРЕС конференции за тоа дека претходната Влада не прави ништо за нив, дека ги остави на улица, ги едуцирале па потоа ги изневерува, сега сме во една сосема поинаква ситуација кога апсолутно, настојуваат да молчат. Од подржувачи дури на штрајковите на овие вработени сега се трансформираат и одат во друга крајност кога молчешкум, сметаат дека ќе ја избегнат обврската што и претходно во изборната кампања ја ветуваа на овие лица.

И, ако во претходниот период, заради тоа што во тек на една буџетска година се вршеше нивно превземање и кога не постоеја можности да се направат одредени дополнителни напори да им се зголемат финансиските средства, сметаме дека, кога почнува една нова буџетска година, дека со буџетот од 2007 година треба да се направат напори овие лица да ги добијат средствата, да бидат финансиски исплаќани онолку колку што заслужуваат, согласно нивното образование. Затоа сметам дека колегите овде, па и оние кои најмногу биле во кампања, имале контакти со овие лица кои им давале најразлични ветувања, треба да си го одржат зборот и да го поддржат овој амандман. Благодрам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 18, воздржани два, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07002 програма 3 птпрограма 30 ставка 401 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифгати амандманот.

Збор има пратеникот Спасовски Оливер.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министре, колеги пратеници,

Овој амандман, кажав и во претходното образложение, имајќи предвид дека овие потпоручници се вработени во неколку установи, пред се во КПУ и во судската полиција итн, а работат како со средно образование, покрај високата стручна подготовка, токму заради тоа го предлагаме овој амандман за КПУ Идризово да бидат одвоени поголем износ на средства со цел да можат овие лица кои работат таму, а се вработени како со средно образование, да можат да добијат плати со високо образование, согласно на нивната стручна подготовка, а пред се имајќи ја предвид потребата од зголемување на платите заради специфичноста на работата во овие установи. Заради тоа барам подртшка од пратениците да го прифатиме овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеника, за гласаа 20, воздржано гласаа 2, против гласаа 53 пратеника.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07002 Програма 3, Потпрограма 30 ставка 401 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Еве повторно сме кај прашањето на казнено-поправните установи во Република Македонија и се соочуваме со тоа што е овде предложено во Буџетот и наведено во образложението на Буџетот за постигнати резултати во 2006 година и за приоритети и цели за 2007 година.

За ова прашање многу слушавме преку медиумите дека Владата ќе има посебен концепт, ќе ги надминува состојбите во казнено-поправните установи, но еве ќе искажам кратко што е тоа што го гледаме, што е тоа со што реално се соочуваат и вработените во казнено-поправните установи и осудените лица кои ги издржуваат казните затвор и оние на кои им е определена мерка на обезбедување, присуство во текот на псотапката, тоа е мерката притвор.

Сетоона што беше предвидено и за што беа обезбедени средства во Буџетот за 2005 година кои значеа подобрување на инфраструктурата во затворите, буквално остана сопрена од страна на оваа Влада. Тука ќе го спомнам Законот за извршување на санкции, донесен во декември 2005 година со кој се предвидува нова мрежа на казнено-поправните установи и согласно тие нови законски одредби оставен е простор од 2 години со обезбедување средства од Буџетот или на друг начин да се подобри инфраструктурата и да се организира соодветно на Законот.

Тргнувајќи од овие законски одредби во Буџетот од 2006 година беа обезбедени 25 милиони денари за нов затвор во Куманово, во едно основно училиште во селото Кшење има една зграда која требаше да се реконструира, да се адаптира со 25 милиони денари.

Постапката за ова беше подготвена од страна на претходната Влада, но поради изборите и смената на власта требаше новата Влада да ја продолжи. Наместо да се овозможи трошење на овие парични средства, имавме ситуација кога на 29 август со една Одлука на Влада беа разрешени сите директори на казнено-поправните установи заедно со други вработени во Управата односно функционери кои се именуваат од страна на Владата и тоа создаде еден вакум простор и се виде дека навистина решавање на состојбите во казнено-поправните установи не е приоритет на Владата.

Дури по избрзаната Одлука од 29 август со која разрешуваат сите директори Владата не им достави решенија за разрешување на сите директори на затворите, веројатно увидувајќи ја грешката дека може да се создаде вакум простор и дека затворите се поинакви институции, не можат да работат и да функционираат без директори, директорите, иако формално разрешени, не им беа доставувани решенија за разрешување, тоа се направи дополнително, но беше разрешен на 29 август директорот на Управата за извршување санкции, а нов директор на Управата за извршување санкции беше именуван на 18 ноември. Значи, повеќе од месец ипол затворите беа без директор, автоматски целокупната постапка околу трошењето на финансиските средства, околу менаџирањето на овие процеси, стоеше во место. Не видовме некакви активности на овој план од страна на Министерството за правда освен што поради одредени инциденти што се случуваа јавноста беше информирана дека ќе се направат анализи за да се утврди кои се причините за таквата состојба, дека тоа ќе се реши, но не дознавме дали таква информација е воопшто изготвена или дали нешто Владата планира на овој план.

Нема да ги наведувам постигнатите резултати за 2006 година, доста работи се наведени, но тие што се направени не се дел од ова образложение на Буџетот, па ќе се задржам на приоритетите и целите предвидени за 2007 година.

Значи, и покрај тоа што не се трошеа паричните средства за 2006 година, сега во 2007 година има застој во капиталните инвестиции во затворите, меѓутоа, по повод овој амандман ќе се задржам на кадровското екипирање на Управата за извршување на санкции и казнено-поправните установи, воспитно-поправни домови, согласно систематизираните работни места, а исто така и обука за вработените, тоа е наведено како приоритет и како цел за 2007 година, но од средствата што се обезбедени во Буџетот не го гледаме тоа. Напротив, нема предвидено средства за нови вработувања, значи, во овој дел Владата не го продолжува започнатиот процес, туку напротив го стопира. Тој процес беше започнат претходно со преземање на вработени од Министерството за одбрана, како што беше поповод претходните амандмани дискутирано овде со цел да се подобри бројната состојба на вработените, со оглед на фактот дека постојаносе зголемува бројот на затворениците што налага зголемување на бројот на вработените. Како пример ќе госпомнам Затворот во Скопје во Шуто Оризари каде на почетокот на 2002 година отприлика имаше 150 затвореници, за да во септември 2003 година имаше 350, сега таа бројка е многу зголемена во 2006 година и последните месеци можеби достигнува околу 400. Значи драстично се зголемува бројот во сите изминати години на лица што ги издржуваат казните затвор.

Ќе ве молам потпретседателе ако можете да обезбедите малку мир во салата, ќе ви бидам благодарна.

**Бесим Догани:** Ве молам да ја сослушаме.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Бројот на затворениците се зголемува, но бројот на вработените не го следи тој тренд.

Зошто е потребно зголемување на бројот на вработените? Па и во оваа сфера има стандарди што мора да се почитуваат, ние можеби во

моментот наеднаш не можеме да ги задоволиме тие стандарди, а тоа е 1:1 број на вработени со осудени лица, нема намерно да го споменувам бројот на вработените поединечно во затворите и на осудените затоа што тоа се податоци кои треба од безбедносни причини на казнено-поправните установи да останат достапни на оние кои ги имаат и кои располагаат со таквите информации, но проблемите со кои се соочуваат вработените позната им е на вработените, на раководствата во казнено-поправните установи, но и на осудениците. И тие имаат право издржувањето на казната затвор да го издржуваат во услови кои и нив ќе им ги заштитат правата. Ова го спомнувам заради најчестите судири кои се јавуваат како резултат на виолентните однесувања на некои осуденици кај кои процесот на ресоцијализација трае подолго време, потребно е и време и енергија и едуциран персонал, но и доволн број персонал за да можат овие проблеми да се надминуваат.

Факт е дека овие проблеми не можат да се решат преку ноќ, ќе има зголемување на бројот на затворениците, можеби во моментот бројот на лица со правосилни пресуди со кои се изречени казни затвор, кои секој момент треба да започнат со извршување на казните е огромен и нивното примање во казнено-поправните установи можеби наеднаш е невозможно, но тоа сите нас не обврзува да размислуваме како да ги подобриме условите.

Исто така стандардите во Европа, како што спомнав, говорат дека бројот на вработени спрема осуденици е 1:1 иако дури во нашето соседство, би ја спомнала Албанија, имаме 1,1:1, значи приближување на бројот на вработените спрема бројот на осудените лица Албанија се приближува до Шведските стандарди за кои сите многу слушаме и знаеме, посебно луѓето кои се бавеле со оваа проблематика. Мислам дека ние треба да настојуваме онаа состојба што ја имаме во моментот да ја надминуваме и токму затоа со овој амандман предлагам зголемвување на финансиските средства за плати да се зголемат за 10 милиони денари за Казнено поправниот дом во Идризово како установа од затворен тип каде бројот на затворениците е огромен, а бројот на персоналот апсолутно не соодвествува со бројот на осудените лица. Нормално, тоа овозможува низа проблеми кои често пати знаат да бидат закана по животот и здравјето на другите осудени лица, но и на персоналот што е вработен таму.

Ние мора да ги имаме во предвид проблемите со кои се соочуваат вработените не само на почетокот на нивната работа, туку и проблемите со кои се соочуваат во текот на нивната работна кариера која во одредени случаи кулминира со инвалидски пензии токму заради проблемите со кои се соочуваат на нивното работно место, а да не ги споменувам психичките проблеми и трауми кои ги доживуваат, кои често пати доведуваат до ситуација да бараат соодветна лекарска помош затоа што навистина работат многу тешка работа. Не случајно за нивните работни места се предвидени бенефиции, имаат бенефициран стаж, но треба државата да се грижи од една страна за безбедноста во затворите, за правата на осудениците секако, но и за проблемите со кои се соочуваат вработените.

Токму затоа сметам дека колегите ќе ме поддржат во овој амандман со кој барам зголемување за 10 милиони денари за основни плати и надоместоци за вработените во Казнено поправната установа во Идризово-Скопје кои ќе овозможат нови вработувања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор побара министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани пратеници, излегов на говорница затоа што Владата одби неколку амандмани што се однесуваат на барање дополнителни средсста за казнено-поправните институции. Има уште неколку по кои најверојатно и за нив негативно ќе се произнесеме.

Сакам да кажам зошто го правиме тоа. Сметаме дека со тоа не се решава проблемот со амандманите кои се предложени ниту за 1%.

За таа цел Владата свесна,како што и почитуваните пратеници некои од нив инсајдери во овој процес поранешни високи државни функционери, Владата свесна за состојбата во овие казнено-поправни-корективни институции има стапено во контакт со Банката при Советот на Европа.

Оваа институција од оваа година како еден од своите домени на работење, приоритети, а таа функционира во рамките на социјалните дејности ја има ставено и сферата на казнено-поправните институции. Лично имав две средби со високи функционери, во контакт сме со нив, тие се волни да го разгледаат нашето барање за одобрување на кредит кој Владата на Република Македонија ќе го земе од Банката при Советот на Европа за потрајно решавање на проблемот со казнено-поправните институции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Морам да истакнам, бидејќи беше кажано од министерот за финансии дека сегашната Влада стапила во контакт, но ова е проект што се продолжува од страна на претходната Влада, бидејќи на инсистирање на претходната владеачка гарнитура и Влада во мај беше делегација од Советот на Европа за да ја скенира состојбата во казнено-поправните установи и за да се изнајде, на инсистирање на претходната Влада, врз основа на тоа што беа лоцирани како проблем казнено-поправните установи да се изнајдат финансиски средства кои ќе ја подобрат инфраструктурата и состојбата во затворите.

Врз основа на тоа дури и во проектот КАРДС 2006 година е овозможено да се добијат 2,1 милиони евра за казнено -поправните установи од кои 1,5 ќе бидат за инфраструктура, а остатокот ќе биде

околу тренинг и други работи што се поврзани со сферата на затворите. Но, тоа не дава за право на оваа Влада да го смета проектот како свој или да застане на тоа, а во Буџетот да ги намалува средствата за капитални инвестиции во затворите и за трошоци повикувајќи се дека има обезбедено средства.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Една работа е контактите со Советот на Европа, а сосема друга или контактите со Банката при Советот на Европа.

Повторувам, во контактите со високи функционери со Банката при Советот на Европа не стекнавме впечаток дека претходната Влада имала било какви барања, идеи и предлози за решавање на овој проблем со помош на кредит кој е еден од приоритетите на оваа Банка во поново време.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со Владимир Ѓорчев, реплика на говорот на Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе,

Јас би имал само неколку збора кои се однесуваат на функционирањето на затворите и казнено-поправните установи во Република Македонија.

Беше кажано дека долго време беа без директори и Управата за извршување на санкции и затворите во Република Македонија, но сведоци сме дека тие подобро функционираа одошто со оние стари кадри кои ги имаше таму.

Се сеќаваме пред 6 месеци или пред една година имавме ситуација каде еднаш неделно или некој бегаше од таму или имаше убиство од огнено оружје или самоубиство и слично, а видовме дека во периодот кога беа разрешени некои од овие луѓе имавме извесно подобрување на работите. Не онаква каква што сакаме, не онаква каква што е оптимално и не онаква како што треба да биде, но во секој случај имаме подобрување во однос на таа ситуација која беше затекната и која беше изразито неповолна и која секојдневно ја гледавме и во јавноста и во медиумите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика за Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Кога станува збор за работата во казнено-поправните установи за 2005 и 2006 година средствата кои се однесуваа на капитални инвестиции беа максимално потрошени 100% во 2005 година, а во 2006 година не се потрошени заради оваа Влада.

Но, кога станува збор за другите инциденти кои се дел од работата во затворите разликата е во тоа што во претходниот состав тие беа на насловни страници во медиумите, а сега новинарите не можат да ги дознаа, дури кога ќе дознаат дека има обиди за самоубиства, други внатрешни инциденти не се на насловните страници, јавноста за нив не е информирана, веројатно е дел од кампањата која ја прави оваа Влада со злоупотреба на медиумите.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме, има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе,

Пред година и нешто кога во ова Собрание го донесовме Законот за извршување на санкции, тогаш во овој Закон вградивме одредени европски стандарди и со овој Закон утврдивме една поинаква мрежа на казнени институции, секако и поинакви одделенија и поинакви служби.

Тогаш кога го донесувавме овој Закон во образложението од страна на предлагачот беше забележано дека за овој Закон се потребни фианнсиски средства. Повеќе од оние средства кои претходно биле утврдени во Буџетот.

Сега, гледајќи ги ставките во овој Буџет кои се однесвуаат на казнените институции факт е дека средствата, наместо да се зголемат, се намалуваат.

Дали ние донесовме Закон воопшто не е битно ако не се обезбедат средства за да можат овие казнани институции нормално да ги извршуваат своите работи. Факт е дека не можат доволно и ефикасно со овие средства да ги извршуваат работите за кои постојат овие казнени институции.

Затоа мислам дека предложениот амандман на Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Борис Кондарко требаше министерот да го прифати. Факт е дека нема да се решат проблемите со поднесување на амандмани или со амандмански реагирања на пратениците или можеби ќе се решат само за 1%, но факт е дека ние пратениците од опозицијата немаме друг начин на кој би реагирале за да можеме да обрнеме внимание на јавноста и воопшто на пратениците од позиција на власт затоа што, како што гледам, ги гледаат амандманите кои се поднесени, а гласаат против овие амандмани дури и воситуација кога се однесуваат на амандмани за подобрување на состојбата на институцијата за вршење на функцијата пратеник.

Затоа сега не ни очекувам дека ќе се гласа поинаку, бидејќи цел на моево јавување е двојно, или да го убедам мнозинството, за што сигурна сум однапред дека не можам. А втората причина зошто се јавувам, е да скренам внимание на јавноста, затоа што тоа ми е работа како пратеник. И затоа уште еднаш викам дека можеби навистина со овој предложен амандман нема во целост да се реши прашањето во казнените институции. Но, факт е дека ќе се отвори можност да се размислува на ова прашање малку повеќе да впрегнеме сили, затоа што без разлика во која влада и кога се случувале нештата, факт е дека се случувале, а се случуваат и сега такви настани и бегства и убиства, што значи дека ние во казнените институции немаме доволно можности, немаме доволно ресурси, немаме доволно средства за да можат во целост да бидат ставени

под контрола работите кои што се несакани и кои што не треба да ни се случуваат. Затоа свесна сум дека парламентарното мнозинство нема да го поддржи овој амандман, но сакам да скренам внимание на јавноста, затоа што сметам дека ако донесуваме закони, не ги донесуваме само за да ги имаме на број, или да кажеме во извештаите кои што ги поднесуваме пред Европската комисија дека во овој дел сме донеле закони и сме го усогласиле нашето законодавство со европското, или сме вградиле стандарди. Џабе што сме ги вградиле, ако праткично овие стандарди не се имплементираат, ако практично овие стандарди ги нема. Впрочем во казнените институции ништо не се променило, односно ситуацијата е иста како пред донесување на овој закон, така и после донесувањето на законот. Значи, факт е дека кога ги донесуваме законите мора да се потрудиме да обезбедиме средства за нивна имплементација што не е во случајот.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Сакам да демантирам дека минатата Влада, беше кажано од министерот што не е точно се разбира, дека имала контакти со Советот на Европа, а немала контакти со Банката за развој при Советот на Европа, што не е точно. Не знам зошто е потребно да се даде таква квалификација. Ние сме членки, имаме таму и акции, имаме и сопствен член на Бордот на управување на банката, врз основа на тоа и учествуваме редовно во нејзината работа. Меѓутоа, она што е важно е дека сега министерот најави задолжување на Република Македонија со цел за подобрување на инвестициите во Управата за извршување на санкции и тоа точно од Банката за развој на Советот на Европа. Затоа и на почетокот инсистирав дека ова Собрание не може да го разгледува буџетот без согласност со Законот. На тоа никој не реагира и затоа по втор пат го покренувам, согласно со Законот за управување со јавен долг ние треба денес да имаме со нас,односно требаше да ја имаме уште пред 20 дена кога почна расправата за Буџетот трогодишната стратегија која сега ќе ги опфати наредните години: 2007, 2008 и 2009 година. Тоа го немаме. А сега од миистерот добивме најава дека Владата планира нешто што досега во стратегијата не е опфатено, 2007 и 2008 година, а Собранието ја има донесено таа стратегија. Ако министерот мисли сега, не министерот за финансии, туку министерот за правда и Владата на Република Македонија да се задолжуваме, а тоа мора да го направи министерот за финансии согласно со Законот да го предложи, односно без негова согласност не може да се задолжува Македонија. Ако мисли дополнително да се задолжуваме за нешто за што во стратегијата не е утврдено, тоа е невозможно. Значи, повторно се враќаме сега на почетокот, дека стратегијата е неопходен дел на буџетската расправа. Ние не можеме без неа да расправаме. Иако тука во Буџетот не гледам дека средства од кредити се предвидени. За тоа беше најавено задолжување. Очигледно тоа може да важи за 2008 година, или со некој ребаланс да се дофрлат средствата за финансирање врз основа на кредити. Меѓутоа, она што за мене е суштината на проблемот е дека ние немаме потреба да се задолжуваме за тоа. Тие кредити биле и досега пријавувани, односно предлагани до Владата на Република Македонија од повеќе институции, вклучувајќи ја и Банката за развој на Советот на Европа за задолжување во таканаречени неекономски сектори. По мое длабоко уверување задолжување вон од инвестиции во економските сектори и некои клучни реформи во државата, како што е образование, имавме реформа на судството пред една година, за тоа повлековме кредит за кој претпоставувам дека сеуште се влечат траншите од Светската банка. Не гледам причина Македонија да се задолжува и понатаму за вакви дејности, особено кога во Македонија состојба со депозитите на државата и денарски и девизни е толку висока што ги надминува и критериумите што Република Македонија пред себеси, па и пред меѓународните финансиски институции ги зацртала. Сега која е логиката Владата на Република Македонија да повлекува кредити за инвестиции во Управата за извршување на санкции, или во некоја казнено-поправна установа било која да е таа, ако во исто време Владата има огромни денарски и девизни депозити над стандардите кои се присутни. Затоа што и од технички агол гледано без разлика дали ќе повлечеме сопствени депозити, или пак ќе повлечеме надворешни сретства во вид на задолжувања, тоа ќе биде дефицит на Буџетот кој е ограничен, во овој случај нешто над 1% од бруто домашниот производ. И во тие случаи јас не гледам потреба да плаќаме каматни стапки на средства, а во исто време сопствените средства без каматоносни приливи да ги чуваме во Народната банка на Република Македонија, ако се тие депозити на Владата. Договорот со Народна банка е минимални каматни стапки кои мислам дека се помали од 1%, ако договорот во меѓувреме не е сменет. И затоа јас би сакал да го обесхрабрам министерот за правда и министерот за финансии, Владата на Република Македонија во овие услови да влечеме надворешни средства. Дефицитот не можат со тоа да го зголемат, ако се користат надворешни, или внатрешни депозити, а само ќе плаќаме каматни стапки. Кога ќе дојде закон, ако дојде за тоа ќе дискутирам. Меѓутоа, со оглед дека министерот сега го најави тоа за оваа дејност, јас мислам дека е подобро во рамки на сопствените депозити да се прави тоа, отколку да се задолжуваме со надворешни средства, особено ако станува збор за градежни објекти каде што вкупната употреба на материјалните добра ќе биде во најголем дел од домашни извори, односно од домашно производство: градежни материјали, изведување на градежни работи, тогаш треба да се користат денарските, а не девизни депозити од странство.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, навистина

за мене веќе станаа безпредметни образложенијата кои што ги давате дека за секое прашање и за секој амандман кој што е поднесен во функција на зајакнување на институциите постојано наидуваме на одговор, Владата генерално ќе го решава овој проблем и не е време сега со амандмани на Буџетот да го решаваме овој проблем. Меѓутоа, постојано гледаме во овој период дека немаме поднесено одредени предлози и решенија од страна на Владата. Очекуваме понатаму, ќе видиме колку и на каков начин тоа ќе се случува. Инаку, овој сегмент посебно на казнено-поправните установи и имајќи ги во предвид проблемите и инцидентите на затворениците кои што се случуваа внатре, навистина е прашање кое што ќе мора итно да се решава и прашање кое што било досега постојано отворено, без разлика во кој период во Република Македонија. Овие инциденти постоеле секогаш и мислам дека суштината на овој проблем е токму од немањето на доволно вработени луѓе кои што ќе можат да ги опслужуваат овие казнано-поправни установи, имајќи го во предвид зголемениот број на престапници, односно сторители на кривични дела кои што се на издржување на казни затвор во казнено-поправните установи. И токму заради тоа укажувавме и во периодот дека не е добро да постои вакум во раководењето на овие институции како еден сегмент од создавање на одредени проблеми. Меѓутоа, најзначајно е дека токму ова е од недостаток на финансиски средства или недоволно посветување внимание на Владата на Република Македонија на овие установи и ни се случуваат такви проблеми.

Инаку, по однос на раководењето и на овие инциденти, како што кажав се случувале и порано, се случуваат и сега, ќе се случуваат и понатаму се додека малку порадикално не пристапиме кон решавање на овој проблем. За потсетување, беше искоментирано дека многу подобро сега се функционира отколку во поранешниот период, или немало инцидент. Во весникот “Утрински весник” од 19 октомври каде што се пишува за именувањето на директори на Управата за извршување на кривични санкции, како и на казнено-поправните установи стои дека и покрај вакумот кој што е создаден, сепак време беше да се реши раководењето на овие институции. По неодамнешното бекство како во филм од Истражниот затвор Скопје, кога затвореник со софистицирана опрема ги пресече решетките и избега од притворот. Значи, говориме за решавање на суштината на овој проблем, не само во однос на раководењето, или не само овие инциденти се случувале порано, или мислиме дека со именувањето на новите директори, тие ќе престанат, можеби и порадикално ќе се случуваат. Веројатно овде е среќата што сеуште новинарите не ги истакнуваат како една можност за давање на стоте дена за работа на Владата. Исто така, во вториот дел стои дека и покрај бегството од притвор од затворот во Шутка, претходно бегство на затвореник од Идризово додека бил на лекување во Клиничкиот центар во Скопје, како и самоубиство на затвореникот Здравевски кој си го одзеде животот во самица. Значи, тоа се инциденти кои бараат поголема ангажираност на луѓе стручни и компетентни во овие установи за да можеме да ги сведеме на најмало можно ниво. Никој не кажува дека и на тој начин ќе ги искорениме, или воопшто ќе ги нема. Меѓутоа, ќе направиме навистина еден добар исчекор кон зајакнвување на ваквите установи. Впрочем и пред некоку дена имаше инцидент во кој што имаше обид за убиство во Истражниот затвор во Скопје. И токму заради тоа мислам дека треба да биде поддржан овој амандман за да не ни се случи да имаме штрајкови како што сега во моментот имаме штрајкови во судското обезбедување кои што се веќе пред судските згради, пред Врховниот суд и тн.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Чувствува лична потреба да кажам зошто сметам, не само лично јас, дека сите ние треба да го поддржиме јасно и гласно амандманот поднесен од пратениците Мери Младеновска-Горгиевска и Борис Кондарко.

Навистина сум запрепастена од објаснувањата што ги добивме од министерот за финансии, господинот Трајко Славески, зошто Владата како официјален предлагач на Предлог-буџетот нема да го прифати овој амандман. Навистина веднаш морам да ја потсетам јавноста дека токму во нивната преродба во сто чекори ветија дека ќе овозможат современ фенолошки систем, ветија дека веднаш штом ќе дојдат и штом ќе ја освојат власта ќе се трудат да ги осовременат казнено-поправните домови во материјална, финансиска и техничка смисла, како и во кадровскиот дел на затворските служби со што истите ќе станат институции на ресоцијализација. Затворите и казнено-поправните установи во Македонија се наоѓаат навистина во очајна систуација. Владата, морам да ја потсетам јавноста на својата прва седница со едно решение кое сигурна сум дека е влезено во Гинис како рекорд, ако добро се сеќавате разреши над 540 директори и членови на управни одбори на јавни претпријатија, агенции и фондови и притоа на истата седница го разреши директорот на Управата за извршување санкции, господинот Костадинчо Ефремов и директорите на казнено-поправните установи на земјата. Во тој момент навистина опасен вакум беше направен што навистина оневозможи нормална работа во казнено-поправните установи кај нас. Оваа експлозивна состојба придонесе два месеци казнено-поправните установи да функционираат реално без свој раководен тим. Дури и дел од разрешените директори свесни за состојбата во институциите останаа доброволно да ги извршуваат секојдневните обврски. Фактот дека два месеци беше непополнето местото на првиот човек на Управата за извршувања санкции, веднаш ја обелодени намерата на Владата дека апсолутно нема сериозни намери

да направи нешто повеќе за осовременување на казнено-поправните установи во нашата земја. И вистинска среќа е, велат во затворите што во една ваква ситуација не се појавија и многу поголем број драстични инциденти во кои имаме сознанија дека имало и пукање, имало дури и лесни повреди на чуварите и тн. Овој амандман поднесен од нашите пратеници, прифаќањето на овој амандман навистина ќе овозможи да се зголеми бројот на вработувањата во казнено-поправните установи како една од можностите за нормално функционирање на установите. Да потсетам, Владата на своја седница уочи дека во овој момент казнено-поправните установи не можат да ги намират тековните трошоци, имаат стари долгови и камати на ненаплатени сметки со што навистина состојбите стануваат се позагрижувачки, Владата вети на една од своите седници дека ќе врати 35% од средствата кои им биле скратени со минатогодишниот буџет. Во овој Предлог - буџет за 2007 година Владата покажа дека нивната намера искажана на седницата била чисто декларативна.

Инаку, што се однесува на наводите на почитуваниот пратеник Владимир Ѓорчев, верувајте дека секојдневни се скандалозните проблеми што настануваат во казнено-поправните установи. Проблемот е сосема друг што Владата на ВМРО-ДПМНЕ успеа навистина да ги злоупотребува и понатаму медиумите, бидејќи имаме сознанија дека е оневозможено информирањето за состојбите во казнено-поправните домови кои за време на министерувањето на госпоѓата Мери Младеновска-Георгиева, беа извршувани секојдневно.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Борис Кондарко, како подносител на амандманот.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине потпреседателе. Значи,со поднесувањето на овој амандман, се извинувам, со прифаќањето од страна на Владата на овој амандман поднесен од пратениците на СДСМ, Владата всушност би си ја исполнила, или дел од своите програмски ветувања што ги даваше пред граѓаните на изборите. Имено, конкретно во овој дел за правда и внатрешни работи по точката, современ фенолошки систем во портокаловата програма на ВМРО-ДПМНЕ пишува: Осовременување на казнено-поправните домови во материјална, финансиска и техничка смисла, како и во кадровскиот дел на затворските служби со што истите ќе станат институции за ресоцијализација. Сега незнам, не би ја коментирал Програмата, меѓутоа факт е дека стои ветувањето и дека се однесува на кадровскиот дел што е многу битен за обезбедувањето на затворите и за спречување на вакви немили инциденти.

Значи, да се вратиме  малку наназад во времето на претходната Влада ваквите инциденти беа афери и скандали кои се препишуваа како мана, како слабост, како критика на претходната Влада. Мислам дека работите треба да ги гледаме малку пообјективно. Сега ние истото прашање можеме да го поставиме, на пример, зошто ВМРО-ДПМНЕ на прес-конференции какко политичка партија наместо само лицемерно и режирано да ја подржува Владата, што е нормално и легитимно и што можеби некогаш и заслужува за некои добри потези, меѓутоа, зошто на пример за ваквите инциденти, за ваквите пропусти, скандали во затворите ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија веднаш не излезе и да ја осуди, да ја обвини Владата, да ја искритикува. Значи, имаме различни аршини во зависност од тоа кој е на власт, кој е во опозиција и зависно од тоа различно се однесуваме во зависност од тоа дали некоја политичка партија е на власт или во опозиција.

Мислам дека треба да бидеме пообјективни пред граѓаните, посебно да бидеме пообјективни и пореални кога вие како политичка партија давате вакви ветувања дека ќе вработувате луѓе и во затворите. Значи, осовременување на затворите во поглед на зајакнување на кадровскиот капацитет итн.

За да бидеме навистина реални и објективни јас не би рекол дека тоа во секој случај зависи од хиерархиската поставеност на Владата, подреденост во Министерството итн,итн, по секоја цена да се бара тој тип на одговорност. Можеби некогаш има и такви пропусти и треба да му се пријде на секој случај отворено и да се анализира за кој тип на одговорност се работи. Можеби некогаш и министерот и другите под него се одговорни, меѓутоа, некогаш тие инциденти и покрај се што ќе се превземе, и покрај теоретски добрите претпоставки за обезбедување и за спречување сепак како што кажа и претходните пратеници се случувале и ќе се случуваат. Работат е да ги елиминираме сите субјективни ризици кои можат да доведат до вакви несакани инциденти и да го издигнеме нивото на безбедност на што повисоко можно ниво. Не може до крај да се елиминираат, меѓутоа Владата да покаже доблест за решавање на ова прашање и ќе си го исполни ветувањето од програмата дадена пред граѓаните доколку прифати еден ваков амандман кога веќе не се сетиле и самата да одвои средства. И самите велите ќе вработувате, велите дека економијата ви  е приоритет еве ви можност за нови вработувања. Еве ви можност за нови вработувања, да решите проблеми, да решите ензигзестицијални прашања на многу млади луѓе, на многу семејства со ваквите вработувања ако се направи еден ваков трансвер. И тоа вработувања со пари што не сум убеден и не можете да ја убедите македонската јавност, а веќе во претходните амандмани говоревме дека ќе ги трошите рационално за мебел, за возила, како што во амандманот предлагаме од таа ставка на Буџетот да бидат извадени и преврлени за нови вработувања.

Значи, и ќе имате на вашето политичко конто поени и ќе решите многу егзистеционални проблеми на многу семејства на малди луѓе и ќе си ја исполните вашата програма и ќе заштедите пари од Буџетот односно ќе ги трошите

порационално, за мебел што буквално секоја Влада помалку или повеќе прави одредени грешки и нерационални трошења, меѓутоа, мислам дека вие наместо да бидете подобри од вашите претходиници, и минатиот пат реков, лошите навики ги учите многу брзо и дури станувате многу полоши  и тоа за многу кратко време го демонстрирате тоа.

Исто така, она што го говорев, пробајте малку самите да бидете навистина во реалноста поекономични, а не само за оние работи кои се гледаат во јавноста. Пробајте од министрите, па сите структури надолу, како што предлагаме со амандманот, бидејќи ова се однесува на мебелот, опремата, возилата да им ги одземете службените автомобили, шоферите, издатоците за одржување на автомобили, тука спаѓаат и издатоците за бензин, сервисирање итн. на сите оние функционери од вториот ешалон надолу, почнувајќи од замениците министри кои колку што сум запознаен со некои интерни владини одлуки, не знам дали се се уште во сила не им следуваат автомобили. Исто така, државните секретари, шефовите на кабинети, началници, советници, некои директори итн. Сите тие, јас тоа го говорев по повод на еден друг амандман, меѓутоа сега го повторувам бидејќи парите кои ги бараме да се префрлат за нови вработување треба да се земат од тие ставки на Буџетот треба се искористат порационално. Наместо некој да ужива во луксузите и привилегиите на власта, од вторио па до шестиот ешално и да користи службени возила, а тоа никој во јавноста не го знае, затоа што очите на јавноста се вперени кон најистурените позиции на луѓето од власта. Наместо некој од власта незабележано на сметка на граѓаните да ужива во привилеѓиите вака ќе решите со еден потез повеќе проблеми и ќе вработите малди луѓе. Всушност, да се вратиме на проблемот во затворите да бидете објективни и да кажете како политичка партија и како пратеници дали навистина претходната Влада беше виновна за она што се случува. Значи иако сега ги нема насловните страници на весниците, сепак проблемот не е решен, за жал. Значи, иако се смени власта проблемите остануваат. Вие имате обврска да ги решавате проблемите, а не преку разни политички памфлети, програми, го говорите она што сакате да го чуе јавноста кога треба да ве избере, после тоа да ги заборавате граѓаните, да го заборавате вработувањето и да работите само како да  ја зацврстите...

**Бесим Догани:** Се извиниувам, но дали со вашата дискусија ќе завршите, или ќе продолжите по паузата, затоа што е време за паузата за ручек.

**Борис Кондарко:** После паузата ќе продолжам.

**Бесим Догани:** Во ред.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,03 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Продолжува со дискусија пратеникот Борис Кондарко, но во меѓувреме молам да почекаме да дојде претставникот на Владата.

(Пратениците чекаат да дојде министерот за финансии)

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседател.

Ќе се обидам, бидејќи пред паузата прекинав со говорењето по амандманот, од една страна, да не се повторувам, но и да ја привршам дискусијата со неколку клучни констатации и прашања до Владата. Само за потсетување, со овој амандман пратениците на СДСМ бараат пари од Буџетот од ставката што е предвидена на Владата за возила, мебел, опрема и слично, за вработување на лица во казнено-поправните установи во затворот “Идризово”, значи за зголемување на безбедноста на затворите. Ова бидејќи сме сведоци на сите оние скандали за кои и не се знае многу во јавноста, затоа што можеби Владата на вешт начин ги прекрива, но да се потсетиме, во мандатот на претходната Влада и беа припишувани како една од најголмите афери, скандали или црни дамки. Значи Владата нема ист аршин во постапувањето по овие случаи, а исто така и владеачката партија, бидејќи не сака да ја преземе одговорноста за она што се случува во затворите во поглед на безбедноса. Реков во минатиот дел од говорот дека треба да се биде објективен и реален, да видиме дали навистина, доколу се било преземено, навистина ќе се повторувале таквите инциденти и немили настани. Во секој случај, вреди да се обиде Владата да ги преземе сите мерки, а конкретно околу безбедноста на затворите, што е најконкретна и најдиректна мерка, која може превентивно да влијае за да ја подобри ситуацијата. Сигурно дека вакви лоши и немили настани се случувале и порано, сигурно дека можеби нема да може да се избегнат и во иднина. Меѓутоа, алармантна е бројката и загрижувачка е, а уште позагрижувачко е што на тоа не реагира Владата. Факт е дека такви инциденти и скандали се случуваат, факт е дека некој мора да биде одговорен за случувањата. Исто така, факт е дека можело, иако не целосно, да се спречи или да се намали, односно превентивно да се делува, а механизмот за тоа го има единствено Владата. Бидејќи Владата не се сетила да предвиди ваква ставка во Буџетот за нови вработувања за подигнување на безбедноста и сигурноста во затворите, затоа се сетија пратениците на опозицијата и тоа го предлагаат. Меѓутоа, уште повеќе е за зачудувачки што ако веќе нешто се случува, тој што е одговорен треба да ги намали ризиците за такво нешто да се повторува во иднина. Не сакаме популистички да ја напаѓаме или осудуваме Владата, меѓутоа, објективната реалност е сосема нешто друго. Значи не се подобри ситуацијата со самата смена на пример на директорите, со самата смена на надредените во хиерархијата во Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, па и самиот

министер. Значи самата персонална смена сама по себе, едни ќе дојдат, други ќе дојдат, во овој случај гледаме дека не значело ништо. Значи треба да се направат конкретни работи кои Владата може да ги направи ако сака, но очигледно дека не сака. Нас многу не зачудува и многу не загрижува што кога со амандман или со дискусија ќе посегнеме во ставката во Буџетот што е предвидена за трошење на пари на репрезентација, возила, бензин, опрема и мебел, најмногу ја погодува и ја боли Владата кога ќе се чепне по овие стапки во Буџетот. Зошто Владата толку љубоморно и толку силно ги чува овие пари? Толку ли е битно луксузирањето и привилегиите на пониските ешалони на Владата, отколку решавање на еден реален проблем. Зарем не можат сите оние заменици министри што претходно ги набројав, државни секретари, директори, шефови на кабинети и советници да се откажат од дел од своите луксузи и привилегии, помалку да потпишуваат сметки по кафеани, помалку да возат службени возила со службен бензин, помалку да говорат, да им се ограничат сметките на мобилните телефони итн., отколку да се вработат млади луѓе, да се решат одредени проблеми на одредени семејства и Владата во крајна линија да си го исполни ветеното во програмата дека персонално и кадровски ќе ја зајакне положбата во казнено-поправните установи. Не може Владата на ваков начин, не давајќи средства за вакви проблеми, што и самата кога беше опозиција ја критикуваше претходната Влада, а сега наместо да биде подобра од претходната Влада, повторно се оддава на луксуз не давајќи пари од средствата на Буџетот предвидени за бензин, за коли и за мебел. Мислам дека ова е лицемерие, мислам дека ова е расипничко и нерационално однесување на Владата и дека за вакво нешто нема оправдување пред граѓаните на Република Македонија. Ова го говорам затоа што и во други амандмани, кога говоревме и за амандманот за условите за работа на пратениците, исто така побаравме пренамена на буџетски средства од овие ставки во Буџетот кои се предвидени за мебел, возила и опрема. Повторно Владата, како и сега за овој амандман, го имаше истиот игнорантски однос. Не може Владата да ги игнорира проблемите и да се однесува во стилот на народната приказна “Царот не е гол”. Затоа што проблемите остануваат, проблемите вам ќе ви се припишат и недај боже да се случат уште неколку такви настани во затворите, дали некој ќе почувствува, ако не политичка, барем морална одговорност, дека кога бил во состојба да преземе нешто конкретно, бидејќи тоа од вас зависело, не сте го преземале. Затоа, уште еднаш барам објаснување од Владата зошто толку не сака да одвои пари од овие средства, за возила и за мебел, дали е тоа приоритет на Владата или е приоритет она што го говореа во предизборната програма дека токму на овие ставки за вакви нерационални трошоци ќе бидат поекономични.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

За реплика е пријавен пратеникот Владимир Ѓорчев, но тој не е присутен во салата.

Сега има збор пратеникот Сафет Незири.

Повелете.

**Сафет Незири:** Забележувам дека состојбата во казнено поравните установи во цела Репулбика Македонија не само во Идризово и во Шуто Оризари е навистина многу алармантна и дека не само оваа Влада, туку и минатата се разбира, ги запостави овие институции кои се од големо значење, затоа што таму во тие институции се врши ресоцијализација на сите тие кои направиле престап на закони. Мислам дека и оваа владина гарнитура треба да посвети големо внимание на овие институции и установи, бидејќи гледано од еден друг аспект Репулбика Македонија не учествува ниту на африканскиот континент, ниту на латино-американскиот континент, туку се наоѓа на еден цивилизиран европски континент. Сакам да кажам дека Македонија се идентификува со свои воспитно поравни институции, со тоа што имаме чести појави на бегање од затвори, тепање, развој на криминал и сите овие појави кои треба да се редуцираат, да се ресоцијализираат, а не да останат во поранешната состојба со нивните криминални дејанија. Не случајно Македонија треба навистина да преземе конкретни мерки во насока на подобрување на оваа алармантна состојба, со тоа што треба навистина да се направат нови вработувања, со кои треба да се разбере дека од Буџетот за 2007 година треба а се доделат доволно средства, преку вработувањето на нови лица во овие установи да имаме поголема гаранција и поголема безбедност во овие казнено-поправни установи, со тоа што фактички и самиот затвореник треба да се почувствува побезбеден и послободен во таа установа каде го минува времето како затвореник за да ја издржи казната затвор. Со овие финансиски средства ценам дека треба да се направат нови вработувања, но се разбира треба да се оди и кон усовршувањето на обуката на вработените, како и тие што треба да се вработат како нововработени, со сите норми кои се предвидуваат за професионалци и да ја извршуваат дејноста на професионален начин. Владата не сака да прифати еден ваков амандман и мислам дека тоа е голема грешка, бидејќи единствени центри кои треба да извршуваат една начелна обврска за ресоцијализација на граѓаните кои направиле грешки во минатото, по нивно ослободување од затворот луѓето треба да бидат чесни и да го почитуваат законот и правните одредби. Ова се врши само преку контролата и прописите за вработување, кои треба да се направат во иднина во овие установи. Мислам дека овој амандман треба и парламентарното мнозинство да го прифати, бидејќи се говори за една исклучително чувствителна институција и треба да имаме поддршка од мнозинството.

Јас го поддржувам овој амандман предложен од пратениците Борис Кондарко и Мери Младеновска Георгиевска.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Хани Тахир.

Повелете.

**Хани Тахир:** Почитувани пратеници, почитувани колеги, јас го поддржувам амандманот предложен од колегите Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Борис Кондарко и мислам дека затворот во Идризово е централен затвор во кој што има голем број на затвореници. Со оваа интервенција што се бара од таа позиција да се земат средства, значи од позицијата на Владата, позиција средства за мебел, истите ќе треба да се искористат за нови вработувања во затворот во Идризово. Јас мислам дека во тој затвор има потреба и можост за вработување, било да се тоа воспитувачи кои ќе имаат директни контакти со затворениците, што значи еден понепосреден контакт на вработените во сегментот на воспитување и ресоцијализација на затворениците, една категорија од нив и тоа ќе има влијание затворениците да имаат понепосредни совети и сугестии, било во обезбедувањето на затворот во кој нема да има разни афери, или пак екцеси од разна природа. Затоа мислам дека процентуално, колку средства се бара да се повлечат од оваа позиција и да се дадат во друга позиција, за нови вработувања во Министерството за правда, посебно во затворот во Идризово, мислам дека тоа е 2,66% од сите средства. Така што овој процент земен од позицијата на Владата, не е голем износ, меѓутоа ќе има позитивен ефект при новите вработувања затоа што Владата на Република Македонија има преземено обврска за 4% да го зголеми бројот на вработените во целост. Затоа јас го поддржувам предлогот на госпоѓа Мери Младеновска и Борис Кондарко. Владата треба да го види тоа како оправдано на еден толку мал процент во правец на нови вработувања што би влијаеле во целост во затворот во Идризово, тие нови вработени да бидат во служба на затворениците затоа што тие во затворите се за прекршување на законските норми, во разни форми. Меѓутоа сепак за нив треба да се посвети посебно внимание за тие во затворот да се чувствуваат помирни, и за нив затворот да биде поолеснителен, подобро да го поминат тоа време таму, а тоа директно ќе влијае и врз обезбедувањето на затворот и успехот на Владата.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господин потпретседател на Собранието, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Немав намера да се јавам за збор денес, меѓутоа овој амандман ме испровоцира да дадам некои свои видувања за состојбите во КПД во Македонија, како и тоа како би се поправила ситуацијата во тие установи.

Знаеме од многу извештаи и од странски делегации кои вршат увид на КПД, како и извештаите кои доаѓаат од странски институции кои ја следат работата на казнено поправните институции, затворите се во многу лоша состојба. Во затворите долго не се спроведуваат ни соодветни мерки во однос на просторните услови, надзорот и нивното функционирање. Состојбата е посебно усложнета со тоа што и средствата кои се предвидени во Буџетот во 2006 година беа намалени, но исто така знаеме дека и КПД должат и доста пари за комунални услуги.

Меѓутоа, ако се навратиме на претходните години, можеме да видиме дека во 2005 година со Буџетот биле предвидени 42 милиони денари и истите 100% биле искористени. Тие се искористени претежно за капитални инвестиции. Исто така знаеме дека во претходниот период извешени се санации на три санитарни чвора во затворот во Охрид, извршена е доградба на затворот во Тетово, реконструиран е кровот на затворот во Битола.

Исто така, со новиот закон се предвидува и трансформација на затворот во Штип, од полузатворено одделение во затворено одделение. Сето тоа е потребно за да се растерети КПД Идризово, се со цел луѓето кои претстојуваат во тие казнено поправни домови, да имаат подобри услови за извршување на тие санкции.

Исто така законот предвидува и затворот во Прилеп да стане малолетнички затвор. Затоа сметам дека оваа сума на средства од 10 милиони денари, што се предлага во амандманот, не е од големо значење на Буџетот на Република Македонија, како би се оствариле сите овие замисли и сите овие предлози од страна на странски фактори кои ја следат работата на казнено поправни домови се со цел да се приближиме кон Европа. Меѓутоа, сметам дека ставката од која се бараат овие средства, ставка 483 за купување на мебел, опреме, возила и машини, може да биде ускратена за 10 милиони денари, се со цел овие установи и луѓето кои работат во нив да имаат подобри услови за извршување на своите професионални работи.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за 16, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот 07002 Програма 3 потпрограма 33 ставка 401 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Навистина и овој амандман, единствено образложението кога рече министерот дека сите амандмани нема да ги прифатиме во делот на казнено поправните установи, единствено само тоа образложение го имаат понудено и сега, иако е сличен и на другите амандмани што ги поднесовме. Сепак амандманот кој конкретно се однесува на казнено поправната установа во Гевгелија, имаме дел од вработените кои се со високо образование, а земаат плата со средно образование и треба да има усогласување во делот на платите и во функција на зголемување на средствата за основни плати и надоместоци, заради нови вработувања. Оваа казнено поправна установа има мал број на вработени и дел од овие вработени се со нарушена здравствена состојба или болни од некакви хронични болести кои не можат доследно да си ја извршуваат работата, има потреба од зголемување на бројот на вработени за да може ефикасно да работи оваа установа. Токму од тој аспект го предложивме овој амандман за да можеме да овозможиме нови вработувања и усогласување на платите и на тој начин да се подобри работата во оваа установа. Затоа ги повикувам колегите пратеници да го поддржат овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Морам да го истакнам значењето на овој амандман од аспект на потребите на затворот во Гевгелија, иако најчесто и во јавноста, а и во институциите, најголемо влијание побудуваат затворите во Скопје, во Шуто Оризари и во Идризово, затоа што таму се најголеми проблемите. Но, тоа не значи дека треба да се занемаруваат потребите на останатите казнено поправните установи, во случајов тоа е затворот во Гевгелија, каде навистина бројот на вработените не соодветствува на потребите, посебно ако се има предвид дека во ова подрачје голем е бројот и на лицата кои издржуваат казна затвор во однос на прекршочни предмети, па затворот не е во состојба да излезе во пресрет на сите налози за упатување на издржување или на прекршочните казни или на казните затвор, заради тоа што не може да одговори со бројот на вработените на овие потреби. На ова се надоврзува податокот дека тоа е реална состојба кај вработените, која настанува како резултат на работата, како што кажав, која предизвикува одредни нарушувања на здравјето кај вработените поради тоа што одредени вработени кои работат во службата за обезбедување во затворот во Гевгелија имаат хронични заболувања кои се од потежок карактер и често пати мораат да земаат боледувања, отсутни се од работа, а и дел од вработените кои во разни несреќни случаи имале оштетувања на екстремитетите, раце, нозе или нешто слично, што навистина ја отежнува нивната работа и не можат да излезат во пресрет на потребите на осудените лица, посебно во попладневните смени кога бројот на вработените кои се на дежурство, се смалува, па понекогаш остануваат сосема мал број на лица, повторно од безбедносни причини нема да го кажам тој број и кога има зголемена потреба, било од лекар или други активности, во врска со осудените лица, не се во можност самостојно да го извршат тоа и треба да бараат на домашни телефони да се јавуваат кај своите колеги, или пак кај директорот, да побараат помош, да може да дојдат и да интервенираат за сите оние потреби што ги имаат осудените лица.

Значи со овој амандман, доколку се усвои, ќе се излезе во пресрет и на потребите на вработените но и на осудените лица што ја издржуваат казната затвор во затворот во Гевгелија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам.

Една од заложбите на оваа Влада, во текот на предизборната кампања, беше осовременување на пенолошкиот систем дека осовременувањето на казнено поправните домови, во материјална, финансиска и техничка смисла, како и во кадровскиот дел на затворските служби, со што истите ќе станат институции на ресоцијализација, беше заложба на оваа Влада пред изборите.

Затворот во Гевгелија, оние кои се упатени во оваа работа, сите знаат во какви услови работи. Не дека останатите казнено поправните установи работат во многу подобри услови, но таму е екстремно изразена ситуацијата, особено во тоа што вработените кои работат во оваа казнено поправната установа се многу мал број. Дел од овие вработени се прераспоредени од овие питомци за кои дискутиравме во претходните амандмани и тие примаат плата таква каква што примаат, значи примаат плата за средно образование, иако имаат завршено високо образование и дел кои се од постарите вработени, се лица кои поради нарушување на здравјето, дел можеби од условите во кои ги извршуваат своите работни задачи, не се во можност доволно или со успех да ја извршуваат работата за која се поставени, особено ако се има предвид дека Гевгелија е погранично подрачје и таму се случуваат голем број на прекршоци кои се поврзани и со сторители на овие прекршоци од странски држави и не ретко се упатуваат на издржување на казната затвор во Гевгелија.

Сметам дека државата особено треба да поведе сметка за оваа казнена установа затоа што и казнено поправните домови праќаат извесна порака пред меѓународната заедница затоа што и по состојбата во која се наоѓаат истите, не оценува меѓународната заедница.

Затоа предлагам и апелирам, колегите пратеници, особено оние кои доаѓаат од Гевгелија, сигурно им се познати условите, не дека во Струмица се

подобри условите, но таму се крајно лоши затоа што ако основно начело и основен принцип е не само репресијата, туку во основа и ресоцијализацијата, во вакви услови во кои се наоѓа овој казнено поправен дом, бидете сигурни, не ќе може да делува ресоцијализаторски само сторителот односно лицето кое издржува казна, може да чувствува своја репресија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, давам 15 минути пауза.

(Пауза од 15,48 минути.)

(По паузата)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале 10, воздржано гласале 3, против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 07002 Програма 3 Потпрограма 33 ставка 401 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07002 Програма 3 Потпрограма 36 ставка 401 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Од сето она што денес се случува во Парламентот, беше јасно дека Владата нема да го поддржи овој амандман, бидејќи во некои сегменти коинцидира со амандманите што претходно беа предложени исто од пратениците на Социјал-демократскиот сојуз, но, Владата не ги прифати овие амандмани. Значи, дилема веќе не постои и не знам како ќе се одвива расправата понатаму, но ако продолжи вака, мислам дека нема да биде добро.

Јас, еве, ќе ги истакнам приоритетите и целите за 2007 година што во образложение на Буџетот се наведени како приоритети и цели на Управата за извршување санкции, тоа се активности на Управата. Во текот на 2007 година активностите ќе бидат насочени кон изнаоѓање на адекватен простор за сместување на малолетниците на Воспитно-поправниот дом-Тетово, подобрување на условите за престој на притворените и осудените лица и овозможување на посоодветни услови на стручниот кадар, продолжување со капиталните инвестиции за реализација на нова мрежа на казнено поправни установи, кадровско екипирање на Управата за извршување санкции и казнено поправните установи и воспитно поправните домови и согласностите на соодветните работни места и обука на вработените, отпочнување со редовна работа на Тренинг центарот, на вработените во казнено поправните установи. Ако се анализираат ставките во Буџетот, мислам дека за сите овие работи што се тука наведени како приоритети ќе стоиме во место, или поточно за некои ќе се враќаме назад. Тоа значи дека ако во 2006 година во кој буџет беа предвидени 25 милиони денари за реконструкција, адаптација на Казнено поправната установа во Куманово и тие 25 милиони денари пропаднаа. Оваа Влада нема да ги искористи, туку ќе пропаднат заради причини што претходно ги објаснувавме. Не знам како за уште една година, значи во 2007 година кога треба да завршат подготовките за да може да се применува Законот за извршување санкции од 2005 година, како ќе се реализира тоа, ако ставките и за капитални инвестиции и за подобрување на условите за престој на притворените и осудените лица, се намалуваат.

Јас да напомнам, дека со проектот КАРДС, претходната влада договори 2,1 милиони евра за казнено-поправните установи, но Владата, мислам дека нема направено прав избор и нема донесено правилна одлука, ако смета дека тие средства се единствени и треба да бидат единствени за подобрување на состојбите во казнено-поправните установи. Секогаш морате сами нешто да вложите, тие што донираат да видат дека навистина имате сериозна желба нешто да направите, за да може да го помогнат тој процес. Тука е значи наведено и кадровското екипирање на Управата за извршување санкции, казнено-поправни установи како приоритет, но средства нема за нови вработувања. На кој начин ќе се подобри кадровската екипираност во казнено-поправните установи и нови воспитно-поправни домови, ако нема средства. Тоа значи дека Владата образложува нешто во Буџетот дека ќе направи нешто, но притоа треба да обезбеди средства за таа намена.

Токму затоа, јас и колегата Кондарко го поднесовме овој амандман за зголемување за 10 милиони денари за средства за нови вработувања кои ќе бидат наменети за Казнено-поправната установа Скопје во Скопје, како установа во која што најмногу се зголемува бројот на лицата. Значи, наназад со години, тоа е установа, исто и

Идризово, како установа од затворен тип во која се издржуваат потешки казни. Сега со новиот Закон исто така има измени, но, сепак тоа се мали казни но бројот на осудените лица и за вакви казни е голем. Драстично се зголемува бројот на осудените лица, исто така и во притворите, така што овој персонал кој што е сега, ако се има предвид дека отприлика во текот на еден работен ден има од 10 до 15 предмети за кои е закажан главен претрес по судовите и треба да се изврши спровод на притворените или осудените лица, во зависност за кого се води постапката, за што има и такви кога некој е осуден и издржува една казна, меѓутоа, во текот на издржувањето на казната затвор, тече и друга кривична постапка пред суд и за тоа затворот има обврска редовно да ги носи на спровод. Ако се има предвид дека за спроводот на овие лица задолжително треба да бидат ангажирани одреден број на лица за да може да се гарантира безбедноста во спроведувањето од затворот до судот и назад. Ако се има предвид тежината на кривичните дела, или другите карактеристики на осуденото лице кои претпоставуваат, или кои можат да значат постоење на основи дека некој можеби ќе го злоупотреби одењето до суд и назад за бегство или нешто слично, евидентно е тогаш дека навистина е потребно да се зголеми бројот на лицата кои ќе бидат ангажирани за спровод. Тука нема да ги спомнуваме другите прашања што значат потреба, еве нема посебно да ги спомнувам, само ќе ги набројам другите прашања што се поврзани со работењето во затворот во Скопје, поврзани со правата на осудените лица, потоа контролите што треба секојдневно да бидат вршени и на осудените лица и на лицата кои им доаѓаат на посета и на тоа што значи прием на пратки, зашто посебно лицата што се во притвор примаат секојдневно. Значи, да може да се гарантира безбедноста за да бидат вработените сигурни и во својата работа, тоа ќе гарантира нивна лична сигурност и сигурност на затворените лица, мора да се зголеми бројот на затворениците.

Еве очигледно е дека Владата или претставниците на партиите од мнозинството, од власта едно ветуваат во изборни кампањи, зависно од тоа дали настапуваат со таа програма или тие нивни предизборни ветувања да се доближат до гласачите, па макар биле тие и осудени лица, нормално тука треба да се прави разлика и вработени во казнено-поправните установи, но сега кога ја добиваат власта постапуваат сосема поинаку.

Кога се прават компарации што е направено што не е направено, мислам дека и ако ги компарираме тие работи нема да бидат во прилог на власта, посебно што е направено во изминатиот период, но наша цел е да не кажуваме што е претходно направено, еве да речеме за 2005 година што е извршена санација и адаптација на второто крило од затвореното одделение во Идризово, потоа инсталирано греење во доградениот затвор во Тетово, набавени 4 возила за спровод на осудени и притворени, 5-метарски детекторски врати, инсталиран систем за заштита и видео-надзор во затвореното одделение во КПД "Идризово". Значи, не ни е целта да ги набројуваме сите работи што се направени, туку да направиме напор тие услови во иднина да се подобруваат, а не да стагнираат или да запрат и да се чека некој од страна да ни донира средства. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам потпретседателе.

Значи, да не се повторуваме со колешката Младеновска, исто така и да не се повторуваме самите себе си во интерес на времето, затоа што и претходниот амандман беше сличен. Беа образложени причините зошто ја бараме оваа прераспределба во програмирањето на Буџетот за нови вработувања за казнено поправните установи.

Јас едно не можам да разберам од почитуваниот министер, претставникот на Владата господинот Славески, кој не само на овој амандман, туку генерално и на претходните амандмани на опозицијата кога треба да се произнесе како претставник на Владата, дали се прифаќа или не, едноставно одговорот е краток и сувопарен дека амандманот не се прифаќа. Се разбира, тоа е право на Владата, тоа е легитимен пристап на министерот, се е регуларно, меѓутоа, мислам дека заради јавноста, како и заради дебатата во Собранието, заради тоа што се одржуваат седници, ние како пратеници сакаме да дебатираме, да ги соочиме аргументите, мислам дека и Владата од своја страна треба да понуди соодветни аргументи и соодветно образложение, зошто не се прифаќаат амандманите.

Мислам дека е неодговорен и несериозен еден таков сувопарен одговор дека амандманот не се прифаќа. Како што ние пратениците писмено во предложените амандмани, и како што во нашите дискусии по нив образложуваме зошто е подобро така или кои се аргументите, зошто треба да се прераспоредат средства, за која намена и со која цел, мислам дека пратениците во најмала рака заслужуваат адекватен третман од Владата. Во спротивно, се поставува прашањето зошто воопшто присуствуваат претставниците на Владата тука кога воопшто не се впуштаат во расправа по амандманите со свои образложенија. Можеби ќе не убедат со спротивставени аргументи, можеби ние имаме превид, затоа што објективно не ги познаваме доволно некои состојби можеби ќе се откажеме и ќе ги преформулираме да бидат прифатливи за Владата некои амандмани. Можеби ќе најдеме некој таков заеднички јазик кој ќе биде прифатлив и за Владата.

Затоа мислам дека е потребно кога се работи за вакви предлози, Владата да појасни зошто тие не се прифатливи и зошто не може да биде прифатен предлогот на пратениците. Мислам дека недозволиво ги игнорирате со еден игнорантски арогантен однос пратениците и само

сакате побрзо да помине амандманот. се разбира, тука е мнозинството кое го имате. На нас пратениците од опозицијата ништо не ни преостанува, освен да се бориме за она што мислиме дека ќе биде подобрување на Буџетот, затоа што не ги правиме овие амандмани ние како пратеници за нас партиски интерес, туку за Буџетот кој е државен буџет, кој е на сите пратеници, на сите политички партии.

И на крајот, бидејќи за содржината на овој тип на амандмани кога говоревме уште еднаш ќе го поставам прашањето бидејќи одговорот е ист. Навистина не ми е јасно дали доколку баравме пренамена на средства од некоја друга ставка во Буџетот, наместо од ставката за мебел, опрема и возила, дали Владата ќе се согласеше, затоа што се работи за подигнување на кадровската екипираност и безбедноста во затворите и на крајот на краиштата вработување на нови лица.

Вака сега Владата покажува отпор, ја боли кога ќе биде чепната токму во оваа ставка и упорно ги одбива амандманите затоа што бараме пари помалку да се трошат за мебел, за возила и за опрема, а со истите пари да се вработат луѓе и да се реши да се подобрат условите и да се подобри проблемот со инцидентите и безбедноста во затворите.

Мислам дека овој пристап на Владата е нерационален. Ако толку има аргументи треба да ни каже зошто повеќе се потребни возилата и мебелот, отколку новите вработувања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Збор има министерот за финансии.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Затоа што неколку пати инсистира господинот Кондарко да му кажам дека поставува погрешно прашање и чука на погрешна врата. Мислам дека се злоупотребува ставката возила, опрема, машини и т.н., затоа што десет пати е објаснето на комисии, не се работи ниту за возила , ниту за машини и друга опрема, туку се работи за строго утврдени средства во ставката функции на државата, кои што се објаснети, не би сакал тука повторно да ги спомнувам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министре, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Давам пауза од 15 минути, а координаторите да се состанат во Охридската сала на координација.

**(**По паузата)

Седницата продолжи со работа во 17,05 часот.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници.

Бидејќи во салата има потребен број на пратеници, продолжуваме со работа.

Процедурално има пратеникот Силвана Бонева. Повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседател.

Од име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам поддршка од 10 пратеници да продолжиме со работа после 18,00 часот, но во исто време сакам да го искажам задоволството и благодарност за постигнатиот договор со опозицијата сите заеднички да работиме на буџетот до 19,00 часот, а ако може и после 19,00 часот се со цел да поминеме што поголем број од амандманите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали имате поддршка од 10 пратеници? (Има).

Предлогот на госпоѓа Бонева го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Гласаа вкупно 60 пратеници, за гласаа 59, воздржани нема, против гласаше еден пратеник.

Коснтатирам дека предлогот да се работи до 19,00 часот е прифатен.

Продолжуваме со работа.

Ве повикувам да гласаме по амандманот на Раздел 07002 Програма 3 потпрограма 36 ставка 401 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Борис Кондарко.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници, за гласаа 10, воздржан 1, против гласаа 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 07002 Програма 3 потпрограма 30 ставка 481 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Трајко Вељаноски, Владимир Ѓорчев и Оливер Шамбевски по тарифски број 07-4245/40.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор Вељановски Трајко. Повелете.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе. Согласно образложението што го даде министерот за финансии дека Владата ќе води сметка во однос на инвестирањето во затворите и согласно преговорите што се водат во банката во Советот за Европа за земање на

определен заем или кредит, како би се кажало за да се инвестира во затворите, со оглед на тоа од име на предлагачите го повлекувам амандманот.

**Бесим Догани:** Предлагачот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 07002 Програма 3 потпрограма 30 ставка 481 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Трајко Вељаноски, Владимир Ѓорчев и Оливер Шамбевски, под архивски број 07-4245/41.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот  Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:**  Со исто образложение како што и претходниот амандман беше повлечен, така и со тоа образложение и овој амандман на предлагачите, го повлекувам.

**Бесим Догани:** Предлагачот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002 Програма Д потпрограма 3Д ставка 432 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Влатко Серафимов, Марјанчо Николов и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 61 пратеник, за гласаа 4 пратеници, воздржано гласаше еден пратеник, против гласаа 56 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 10001 Програма Д потпрограма Д5 ставка 481 и Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина, изненадена сум зошто министерот за финансии не го прифати овој амандман. А, зошто сум изненадена ќе објаснам понатаму.

Прво, да кажам што се предвидува со овој амандман. Имено, со оглед дека во буџетот има веќе предвидено во одредена ставка средства кои што се наменети за активности за изградба односно за развој на слободни економски зони и тоа во Скопје и Штип. Со овој амандман се бараше од Владата од буџетот да оддели 50 милиони денари за изградба на економска зона во Битола. Сакам да кажам дека во Битола веќе има отпочнато активности за изградба за развој на слободна економска зона во близина на границата на Република Грција и сметам дека со овие средства кои што и не се енормно високи, можеше да се продолжи работата, оваа економска зона да биде изградена. За значењето на економската зона, јас сега не би сакала опширно да говорам, затоа што сите ние ни е јасно што би значела таа економска зона за Битола и граѓаните како од Битола, така и од околните населени места.

Дотолку повеќе сум изненадена што министерот не го прифати овој амандман, бидејќи и градоначалникот на Битола на сите медиуми, особено на локалните, многу често ја најавуваше оваа економска зона и кажуваше за тоа што таа би значела за овој град. Најавувајќи ја зоната секогаш спомнуваше дека дека таа зона ќе биде изградена со помош која што финансиски средства кои ќе ги додели Владата на Република Македонија. За жал, гледаме дека она што се говори за време на изборна кампања, а и потоа се само лажни ветувања кои што ги даде началникот, кој инаку е од ВМРО-ДПМНЕ, дека Владата нема слух ниту за своите градоначалници. Така што и овој пат остана добрата волја да се помогне за изградба на една ваква економска зона. Сметав дека кога веќе имаме економски зони кои што се градат во Скопје и Штип и има издвоено средства, дека овие средства не би го оптовариле многу буџетот на Република Македонија, а секако би придонеле многу за развојот на едно цело поголемо подрачје, како што е Битола и околните населени места.

Мислам дека ќе беше добро министерот за финансии, ако веќе и не го прифати амандманот, да дадеше образложение зошто не го прифаќа овој амандман, кој што реков дека секако е многу значаен, не само за граѓаните од Битола, туку воопшто и за Република Македонија. Меѓутоа, сведоци сме дека без никакво образложение се одбиваат амандмани и тоа амандмани кои што се однесуваат на едно подрачје и амандмани и средства кои што беа ветувани за време на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ, но очигледно е дека едно се говори, а друго овде се случува.

Мислам дека предложениот амандман од колегата Слободан Најдовски беше со најдобра намера да се помогне, пред се, на граѓаните од Битола, без разлика  кој во моментот е градоначалник на градот односно  на која

политичка опција припаѓа. Но, за жал и овој амандман без образложение, како што претходно реков, е одбиен. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓица Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да се придружам на пратениците кои ќе го поддржат овој амандман од едноставна причина што ние постојано тврдиме дека подобрубвање на економската состојба во државата е еден од приоритетите на Република Македонија, без разлика на тоа за која влада станува збор. Особено, беше истакнувано и во кампањата, меѓутоа и во изминатите 100 и повеќе денови дека главниот фокус на работењето и на функционирањето на Владата ќе биде насочен во развојот на економските можности на Република Македонија во барање на нови инвеститори, кои ќе инвестираат во Република Македонија и на тој начин ќе ја подобрат економската состојба во државата. Меѓутоа, исто така, ќе го намалат бројот на невработени и со тоа ќе овозможат подобра клима во Македонија.

Ако веќе сите сме согласни дека слободните економски зони ќе се еден од начините за обезбедување на услови за инвестирање во Република Македонија и на привлекување на странски капитал, тогаш за мене навистина е нелогично неприфаќањето на амандманот и уште повеќе е нелогично неприфаќањето на амандманот без никакво образложение. Тогаш, јас се прашувам што е вистинскиот приоритет на Владата. Дали акцентирањето на економските потенцијали или активностите што Владата ги презема за зајакнување на економскиот сектор се само декларативни и се користат како популистички во даден момент, а реално не се прави ништо, имајќи предвид дека до сега од економските закони само сме го усвоиле Законот за намалување на ДДВ во областа на земјоделството, а друг ниту еден закон од економската област не сме разгледале во Собранието, ниту пак сме сведоци на одредени потези кои што реално се направени од страна на Владата во смисла на подобрување на економската ситуација.

Претходната Влада направи еден таков чекор со Бунарџик и со Џонсон Контрол, беше финализиран во овој мандат на Владата, практично беше само завршниот свечен дел на давање на употреба на зоната, кој што оваа Влада го искористи. Меѓутоа, ќе се согласите, тоа е цела активност на тоа што направи претходната Влада. Но, ние рековме дека ќе ја охрабриме и ќе ја поддржиме оваа Влада секогаш за мерки кои ќе придонесат за подобрување на економската состојба во Македонија. Особено, имајќи предвид дека подобрувањето на економската состојба е процес, дека тоа не е нешто што може да се случи преку ноќ и дека е потребно долготрајна и континуирана активност на повеќе гарнитури, владини гарнитури, политички гарнитури, без разлика кој се наоѓа во моментот во парламентарното мнозинство.

Мислам дека овој амандман е потребно да се прифати и од друг аспект, имајќи ја предвид стратешката позиција во која се наоѓа, имајќи предвид дека е многу блиску до границата со Република Грција, а Република Грција и еден од нашите соседи до 1 јануари 2007 година ќе биде единствениот сосед членка на Европската унија и во таа смисла мислам дека треба, доколку нема слух од страна на Министерството за финансии, тогаш го повикувам парламентарното мнозинство да размисли уште еднаш дали ќе ја почитува препораката на министерот за финансии да не го поддржи овој амандман или пак својот глас ќе го даде за ваков амандман, токму во функција на развој на слободна економска зона во близината на Битола и со тоа ќе овозможи услови за економски развој во овој дел од економијата.

Сакам да препорачам отворање на вакви слободни економски зони многу повеќе и во различни делови од Македонија, особено во источниот дел на Македонија, затоа што сме сите свесни дека особено тој дел од Македонија е навистина во тешка економска состојба можеби многу полоша од делот на западна Македонија каде што градовите се многу повеќе развиени. Меѓутоа, како и да е, сметам дека ние би требало да создадеме предуслови, како пратнеици, кои понатаму Владата би можела да ги искористи во функција на економскиот развој.

Навистина мислев дека барем ова би можело да биде еден од амандманите што ќе бидат поддржани, и заради тоа што е ова една од определбите во 100-те чекори на Владата, па мислам дека нема сериозна документација поради што министерот би можел така ноншалантно да го одбие овој амандманбез никакво образложение. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Господине министре,

Ја поддржувам одлуката на Владата во Предлогот на буџетот за 2007 година да инвестира, да оддели средства освен за слободната економската зона “Бунарџик”, за нова економска зона во Штип, а исто така и за трета економска зона, согласно овој амандман во Битла.

Средствата, локацијата на слободните економски зони во Штип, евентуално и Битола, веројатно сеуште не се одредени извори од надлежните органи, меѓутоа добро е да се работи на оваа проблематика.

Тоа со што не се согласувам во овие слободни економски зони е изјавата од Владата дека водечките мултинационални компании кои ќе влезат во слободните технолошки индустриски зони во Македонија ќе добијат екстра даночни ослободувања. Меѓу другото, врвните компании ќе бидат ослободени 10 години од плаќање данок

на доход, 5 години ќе плаќаат само 50% од персоналниот данок, а исто така Владата најавила дека ќе ја изгради потребната инфраструктура, бесплатни комуналии и учество во изградбата на халите на странските компании. Услов за ваквите бенефиции било 80% од производството да е наменето за извоз.

Со овој третман во слободните економски зони на странските компании, во тотално нерамноправна положба ќе се доведат домашните инвеститори. Пример, во слободната економска зона во Штип, евентуално во слободната економска зона во Битола ќе инвестираат странски текстилни компании. Такви текстилни домашни компании во Штип има повеќе од 80, чие производство со над 95% е наменето за извоз. Ќе направиме тотално различен третман на домашните и странски инвеститори.

Дали тоа значи дека ако некоја домашна компанија, за да го добие овој третман регистрира фирма во странство и се јави како странски инвеститор ќе има можност да ги добие сите овие бенефиции, ќе има можност да добие место во слободната економска зона Штип или Битола, ако се прифати амандманот, а домашните нема да ни требаат повеќе? Кој ќе биде критериумот според кој ќе се избираат топ -имињата, мислам дека Владата треба добро да подразмисли за овој нерамноправен однос во кој би ги ставила домашните и странските инвеститори.

Мора да имаат ист третман и домашните и странски инвеститори во однос на поволностите што би им се понудиле за вложување во земјата. Искуството покажува дека во изминатите 15 години од надвор реално не дојде ниту една грин филд инвестиција. Сите се направени со приватизирање на стари фабрики, за разлика од домашните инвестиции што во најголем дел се грин филд. Сведоци сме што се случува на “Бунарџик”, сведоци сме дека толку фаворизираниот Џонсон Контролс по петти или по 10-ти пат почнува да работи и никако реално да отпочне со реални активности, освен со театрални настапи во 24,00 часот ноќе како таму се работи, како се создаваат услови, каква инфраструктура се работи итн.

Да завршам, ја поддржувам идејата на Владата за отворање на слободни економски зони, освен слободната економска зона во “Бунарџик”, слободна економска зона во Штип, дефинитивно такво нешто треба, поддржувам да се отвори и во Битола, меѓутоа третманот на домашните и странските инвеститори мора ,повторувам уште еднаш, мора да биде ист. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика, три минути пратеник госпоѓа Топузова Каревска Роза.,

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам потпретседателе.

Не се работи за реплика, од она што ние сме навикнати како класичен тип на реплика. Но, Деловнички стои дека пратеникот може да се јави за реплика да исправи наод.

Почитуваната колешка, најверојатно незабележително направи грешка во нејзиното излагање. Но, не би сакала да остане нејасно пред македонската јавност. Рече дека е добро Владата што поддржува вакви иницијативи и Владата има одделено средства само за Штип и Скопје за развоја на економски зони. За жал, за Битола не ја поддржува иницијативата. Да не остане нејасно.

Токму поради тоа е поднесен амандманот од мојот колега со што се бараат 50.000.000 денари да се одделат за развој на економската зона во Битола, што реков дека е многу гласно најавувана од страна на градоначалникот од ДПМНЕ. Според тоа, доколку, доколку покажеше слух тогаш ќе сфатевме дека нивните заложби не се само декларативни, туку нивните заложби навистина го покажуваат она што го говорат и со конкретни дела.

Во спротивно, се добива впечаток дека апсолутно ништо не се предвидува за економски развој, за што толку многу се говореше во изминатиов предизборен период, па и сега по изборите. Не се прави ништо за економскиот развој, особено на одредени подрачја како што е во случајов Битола, а уште помалку се мисли на влез на странски инвестиции. Со ова се докажува и тоа. Затоа што, што се однесува до странските инвестиции имаме пет-шест министри кои, наводно, работат за привлекување на странски инвестиции. Но, за жал, досега немаме видено резултати од нивната работа, а и немаме добиено некој отчет за тоа што тие работеле во изминатиот период, освен што во буџетот се предвидени одредени средства со кои што ќе се покриваат трошоците на нивните имоти од таму од каде што доаѓаат.

Токму поради тоа мислам дека амандманов беше добра можност да се докаже дека оваа Влада навистина не само декларативно, туку искрено се залага за развојот на економијата, за економскиот развој на Република Македонија на сите подрачја подеднакво, вклучувајќи го тука и привлекувањето на странски инвестиции што знаеме дека преку економските зони може во голема мерка да се придонесе за истите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благоддарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 18 пратеници, еден се воздржал од гласање а 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10001 программа 3 потпрограма 3-а ставка 482 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Цветанка Иванова.

Го молма претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Слевески:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10001 програма Б потпрограма Б-3 категорија 48 ставка 489 и раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнење.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 68 пратеници, вкупно гласале 57, за гласале 9 пратеници, еден се воздржал, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 2 потпрограма 20 ставка 426 и раздел 12101 програма 4 потпрограма 4-Б ставка 489 поднесен од пратеникот Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам потпретседателе.

Суштината на овој амандман е обезбедување на само 2.000.000 денари за рекултивизација на старата депонија покрај Штип. За што се работи?

Пред две години, поточно 2005 година беше пуштена во употреба нова депонија за градот Штип и штипско, на одалаченост од 12 км, од градот, со што постојната, стара депонија остана во непосредна близина на урбанизираната градска населба Пребек. Остана во непосредна близина на бањата Кежовица како еколошки штетно подрачје, подрачје во чија близина, како и на други места околу депониите постојат диви фарми на свињи, претворена во дива депонија, претворена во ругло на градот.

Со реализација на оваа инвестиција, односно со одобрување на сревства од Владата за рекултивизација на старата депонија би се постигнало, како прво, постојниот отпад да се посипе со земја, така е предвидено, а на истото подрачје да се посее треба и посади ниско стеблеста шума. Зошто е тоа потребно и неопходно?

Потребно е бидејќи, како што веќее кажав, во непосредна близина до урбанизираните градски населби Пребек и до бањата Кежовица е предвидено со ГУП на Штип изведба, односно реализација на нова урбанизирана населба, т.н. Пребек -2 што би се наоѓала токму на местото на постојната стара депонија.

Зошто предвидувам и барам средства од буџетот на Република Македонија за реализација на оваа инвестиција. Поради тоа што со доделба на тие, со реализација на новите урбанистички парцели од наслебата Пребек-2 би се продавало државно земјиште. Државното земјиште е сеуште во наежност на државата, односно не е во надлежност на локалната самоуправа. Со продажба на тие парцели парите би дошле во буџетот на Република Македонија. Впрочем на буџетот на градот Штип за 2007 година, Предлог буџетот е многу мал. Во него нема ни приближно седства за реализација на оваа активност.

Од предвидените 240.000.000 денари, од кои 61.000.000 се за самопридонесот, нема средства ниту за основни активности, ниту за функционирање на училиштата, за нивно греење, за нормално плаќње на трошоците за поторошена електрична енергија итн, а камо ли за оваа и те како потребна инвестиција. Впрочем, познато е дека заедниците за локална самоуправа бараат да се зголеми процентот на ДДВ од актуелните 3% на најмалку 5,55% од вкупно прибраните средства, со цел утврдување на прецизен износ на процентот на ДДВ што ќе биде доделен на општините. Министерството за финансии треба да изврши севкупна анализа на финансиските оптимални потреби на општините, потребни за нормално остварување на надлежностите.

Буџетите на сите општини, на сите локални самоуправи се многу ниски, многу мали, не стасуваат ниту за решавање на основните потреби. Сите долгови во основните и средни училишта, културните и спортски установи настанати пред 1 јули 2005 година требаше под итно да бидат подмирени од страна на Владата на Република Македонија. Во спротивно, можно е, поради недоволно средства во локалната смаоуправа да настане целосна блокада на образовниот процес во Република Македонија.

Поаѓајќи од сето ова, приоритетно е решавање на тековните проблеми во образованието, обезбедување на рекултивизација на старата депонија во Штип не доаѓа во предвид од буџетот на лоиалната самоуправа. Мислам дека двата милиони денари што ги барам со мојов амандман се една ронка во вкупниот буџет на Република Македонија. Имено, во делот Расходи на буџетот, планирани на Министерството за животна средина и просторно планирање, во делот 4-Б за Дојранско езеро се планирани, според мене, големи средства. Планирани се 50.000.000 денари од кои, ако се намалат за предвидените 2.000.000 би останале сосема доволно средства, 48.000.000 денари за изградба на преостаната инфра структура за Дојранското езеро, а овие

2.000.000 денари би се дале за старата депонија во Штип.

Исто така, со ова би се постигнало дивата депонија што постои овде да се санира.

Впрочем и во делот од Буџетот каде се објаснети инвестициите во Министерството за животна средина и просторно планирање во приоритетните цели за 2007 година се вели дека една од основните цели е функцијата на обезбедување повисок квалитет на животна средина. Токму тоа за обезбедување повисок квалитет на животната средина во околината на Штип се предвидени овие два милиони денари.

Јас се надевам дека пратениците од позицијата и од опозицијата ќе дадат поддршка за овој мој амандман, ќе го изгласаат, како би можеле да придонесеме за обезбедување на повисок квалитет на животната средина во околината на Штип. Ви благодара,.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 16, нема воздржани, против гласале 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 2-А ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Владимир Ѓорчев, Надица Танчева Тукиева и Нада Станчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** И покрај тоа што во Буџетот за 2007 година има определено извесна сума на средства за санација на оваа жешка еколошка точка, Владата смета дека тие средства не се доволни и ќе го прифати овој амандман, со препорака до Министерството за животна средина и просторно планирање до колку останат извесни средства од поцелосното завршување на овој проект, тие да се пренаменат за друг вид на проект од овој карактер.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен.

**Трајко Славески:** Да.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 425 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Катерина Димовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Катерина Димовска, повелете.

**Катерина Димовска:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, согласно на тоа што Владата се произнесе по овој амандман истиот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 3 Потпрограма 30 за додавање нова ставка пос тавката 426 и раздел 12101 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 425, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа затоа што оваа Програма може да се финансира и од ставката 425- буџетска програма - просторно планирање која е воедно предложена како избор за финансирање.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Овој амандман е поднесен од страна на колегата Ќуркчиев и е сличен со слични цели како и претходниот амандман од колешката Димовска која го повлече амандманот.

Имено, по донесување на Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија за прв пат оваа година го разгледуваше Годишниот извештај за спроведување на просторниот план на Република Македонија. Како што беше потенцирано и од самите известители на Извештајот на самата седница наредна активност е изработка и донесување на програма за спроведување на Просторниот план на Република Македонија кој е од големо значење за регионалниот развој или рамномерниот развој она кое во неколку амандмани беше поднесувано од страна на повеќе пратеници. Тоа се слободни економски зони, рамномерен економски развој, патната инфраструктура, генералните урбанистички планови кои во одредени општини не се донесени или се на самиот почеток на донесување, како и дефинирање на приоритетите и целите,како и динамиката на спроведување на тие приоритети и цели кои би биле составен дел на евентуално изработена програма, согласно законската обврска како и самиот Закон за спроведување на Просторниот план ја налага, недостасуваат средства.

Навистина сум изненаден од образложението на министерот бидејќи тогаш побаравме од претставникот на Владата по укажувањето на известителот на Извештајот дека се потребни овие финансиски средства зошто во тој момент не

беше потенцирано од кои извори, колкава висина на средства ќе биде одвоена за да се исполни оваа законска обврска.

Од тие причини ние не го повлекуваме амандманот, напротив, бараме поддршка од пратениците да биде поддржан за да биде исполнета оваа исклучително важна законска обврска во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 14, нема воздржани, против гласале 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 Потпрограма 40 ставка 425 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратениците Илија Китановски, Анита Кипаризовска-Крстеска и Трајко Вељановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе,

Од име на предлагачите го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 Потпрограма 4-А, категорија 48 ставка 482 и раздел 05001 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 423, поднесен од пратениците Цветко Грозданов, Анита Кипаризовска-Крстеска и Мирјана Секуловска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Во име на предлагачите амандманот го повлекуваме.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 Потпрограма 4-А, ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Ќенан Хасипи, Селвије Салиу и Хади Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Да ви ја кажам вистината иако еден ден разговарав со министерот, му ги кажав причините зошто го поднесов овој амандман, но ќе ми дозволите на кратко да кажам два три збора зошто ние како пратеници направивме се и го поднесовме овој амандман.

Со овој амандман се бара да се обезбедат одредени финансиски средства за продолжување со работа на пречистителна станица во Гостивар.

Како што знаеме од средствата за информирање, информирани сме дека од февруари оваа година поради големите поплави на дел од реката Вардар поточно каде извира реката Вардар од каде се снабдува со вода Гостивар, водата за пиење е загадена и во оваа насока долг период од 5-6 месеци граѓаните од Гостивар беа во неможност да се снабдуваат со вода за пиење.

Врз основа на експертизата направена од експерти ангажирани од Владата и меѓународни експерти односно германски експерти се дојде до заклучок дека е потребно завршување на работите на оваа пречистителна станица. Ова беше причината на 16 март 2006 година Владата на Република Македонија на одржаната седница донела одредени заклучоци кои ги имам овде пред мене, архивирани со број 359/1 од 06.04.2006 година презела обврски да учествува во реализирање на овој проект со 1/3 од вредноста на висината на средствата кои се потребни за завршување на овој проект.

Како што е евидентирано во овој заклучок се вели дека обезбедување на средства од страна на Владата ќе се изврши со Буџетот предвиден за 2007 година. Според овој заклучок донесен од поранешната Влада на седницата одржана на 6 март 2006 година произлегува дека и покрај тоа оваа обврска предвидена во овој заклучок и наспроти фактот дека се говори за нов владин состав, не се зема во предвид овој заклучок.

Јас мислам дека без оглед на измена на составот на Владата правата и обврските се пренесуваат од една на друга Влада и имајќи го предвид овој факт и тоа што го кажав претходно дека сега за сега водата за пиење во Гостивар е многу загадена, ние како пратеници од општина Гостивар го предложивме овој амандман со надеж дека министерот ќе изнајдеше можност да прифати 1/3 од средствата предвидени за изградба на оваа пречистителна станица. Но, бидејќи министерот даде свое мислење, јас сум изненаден од ставот на министерот иако претходно го информирав министерот дека постои еден заклучок со една ваква содржина. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 17, нема воздржани, против гласале 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 Потпрограма 4-А ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Верица Филипова и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Средствата што се бараат со амандманот во износ од 15 милиони денари се потребни за отпочнување со изработка на проект за еколошка заштита на река Брегалница и брегалничкиот слив.

На ова подрачје живее популација од околу 300 илјади жители. Сегашните колекторски системи, експлоатации од рудниците, отпадни води од фабриките и друго се слеваат, без пречистување, во река Брегалница и нејзините притоки.

Заради еколошка заштита на ова подрачје, заради заштита на населението преку вода за пиење и наводнување, потребна е изработка на проект за целото сливно подрачје на река Брегалница.

Со овие 15 милиони денари предвидувам ова да биде првата фаза да се реализира пред пристапување на конкретната инвестиција и избор на опрема и технологија за пречистителни станици за отпадни води на горе спомнатото географско подрачје.

Имено, во разделот 12101 Министерство за животна средина и просторно планирање во Програма 4 потпрограма 4-А - изградба и реконструкција на пречистителни станици во првата потколона од колоната расходи на основен Буџет за 2007 година ставка 482-други градежни објекти, износот од 25 илјади се заменува со износ од 40 илјади. Тие средства се обезбедуваат од разделот 09002 Министерство за финансии, функции на држава во Програма 2, Потпрограма 20 расходи на основен Буџет за 2007 година, во ставката 482 други градежни објекти, износот 202.600 се заменува со износ 187.600.

Повеќе пати до сега во поголемите градови од Источна Македонија е пристапувано кон изведба или отпочнување на активност за изработка на станици за прочистување на водата од колекторите така наречени пречистителни станици.

Постојано е проблемот немањето на добра техничка документација во која ќе биде третиран типот и начинот на функционирање на станицата за пречистителни води. Истиот тип на опрема,не производител, туку тип на опрема, истата технологија на прочистување на водите од реката Брегалница и нејзините притоки, според експертите од странство, е потребен за сите градови во сливното подрачје на река Брегалница. Впрочем, и во приоритетите на Министерството за животна средина и просторно планирање за 2007 година се вели дека во една од приоритетните цели, како што реков, за 2007 година е заштита на водите на ниво на сливни подрачја низ реализација на Програмата за води и имплементацијa на странски инвестициони вложувања Швајцарија, ЕУ КАРДС Програмата изразени преку реконструкција или изградба на водоводи, канализациони мрежи, колектори, фабрики за води, водозафати и пречистителни станици, санација на коритата на реките и т.н.

Понатаму, во појаснувањето на овој дел заштита на води се кажува дека активностите предвидени со Програмата за води се однесуваат на заштита од загадување на водите од комунални и индустриски отпадни води, заштита на реките, природните и вештачките езера и подземните аквисфери.

Со Програмата се подржуваат активности за санација, изградба на водоводи и канализациони мрежи, изградба на колектори, препумпни станици, пречистителни станици, изградба на фабрики за производство на вода за пиење, водоснабдителни системи, санација на ерозивни подрачја во речните сливови и слично.

Намената на средствата предвидени со мојот амандман се наведени во текстуалниот опис на заштитата на водите од приоритетните цели за 2007 година.

Програмата предвидува и подготовка на соодветни подзаконски акти кои се однесуваат на заштита на водните тела и регулирање на зоните на заштита, подготовки на студии, или експертизи и друго. Програмата ќе поддржува и мерки за заштита на биолошката разновидност која живее во водите, а особено на рибната фауна. Овие активности се во насока на подобрување на заштитата на површинските и подземните води од загадување, обезбедување здрава вода за пиење и на соодветен третман на отпадните комунални води и отпадните индустриски води, заштита на водни и на блатни екосистеми и слично. Со оваа подпрограма ќе биде опфатено водоснабдување со хидросистемот Дојранско Езеро со цел за правилно одржување и експлоатација на системот. Впрочем целиот даден опис се подразбира дека би требал да се однесува и на останатите хидросистеми и на останатите еколошки подрачја од Република Македонија, а едно од најзагадените поради активирањето на рудниците е еколошкото подрачје на река Брегалница и нејзиниот слив. Во програмата за 2007 година на заштита на водите е предвидено и опфатено само Дојранското Езеро со неговиот хидросистем. Јас навистина сум изненадена од образложението на министерот Славески дека не

можат да се обезбедат средства од Предлог-буџетот за 2007 година барем за изработка на идејна документација на проект за прочистување на водите од река Брегалница и нејзиното сливно подрачје. Пред само еден месец се случи во канализацијата на Пробиштип да истече преку 1,5 тон сулфурна киселина од блиската фабрика за акумулатори која преку канализацијата на Пробиштип се слеа во Коничка река, потоа во Злетовица и натаму во Брегалница. Бунарите за водоснабдување на целото ова подрачје впрочем се базираат на подземните води од река Брегалница и нејзините притоки. Значи, целото загадување преку бунарскиот систем, сите тешки метали кои при евентуалното истечување во колекторскиот систем и преку тоа во реките преку бунарскиот систем, понатаму преку водоводната инсталација го пиеме ние граѓаните од Источна Македонија. Уште еднаш ќе кажам дека иако од Владата не доби поддршка, иако реално не се надевам дека пратениците од позицијата ќе гласаат за овој амандман, меѓутоа мора да се подразмисли и мора да се знае, да се цени колку е битно да се обезбеди ваква студија како прв чекор во понатамошните идни фази за реално обезбедување на прочистителни станици за Брегалница и брегалничкиот слив.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, се јавив за збор за да потенцирам дека некогаш кога некои амандмани ќе бидат поднесени и покрај тоа што оценувате дека не постои никаков простор да бидат поддржани од повеќе причини. Сакам да потенцирам дека некои амандмани потенцираат некои проблеми, отвораат некои проблеми кои што подолг временски период егзистираат во Република Македонија. Екологијата воопшто не е за занемарување. Значи, јас ве уверувам бидејќи добро ја познавам оваа проблематика. Ако ние ги примениме меѓународните прописи и стандарди, извршиме мерења на загаденоста на отпадните води, бучавата, вибрациите, емисија и мисија на издувни гасови на индустриските објекти, јас ве уверувам дека многу малку објекти, или природни ресурси ќе ги задоволат критериумите и стандардите кои што постојат според меѓународните прописи. Значи, цела наша среќа е што сеуште не подлегнуваме под оние меѓународни инспекции, за што воопшто тука не подлегнуваат проточните води, бидејќи се влеваат и во меѓународни води, така што на некое друго место можно е во некој период и да се изврши контрола и да се алармира меѓународната јавност за непочитување на прописите во Република Македонија. И во иднина верувам дека ќе се најдат вакви проблематични предлози на проекти кои што Министерството за финансии секогаш ќе ги става во втор план, бидејќи се разбира дека приоритетите на нивната агенда се поинакви. Но, доколку сакаме да бидеме дел на Европа, мора час поскоро да ги прифатиме стандардите и критериумите.

Конкретниот амандман се однесува на една од најголемите реки во Република Македонија, Брегалница и брегалничкиот слив и опфаќа многу голема територија, подрачје во кое што доколку настанат пореметувања во однос на хемискиот состав заради субјективни, или објективни околности ќе настане драстично пореметување на еко средината кое што ќе предизвика и соодветни несакани последици. Знам дека, бидејќи се изјаснивте дека амандманот нема да биде прифатен. Интервенцијата повеќе стои како едно предупредување за можни несакани последици кои што можат да се случат и во иднина да потенцираме дека е потребна поширока координација и на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, се разбира и другите министерства кои што на индиректен начин работат со оваа проблематика. Еве една добра прилика да се потенцира дека е потребно да бидат впрегнати сите научни потенцијали во Република Македонија и институции кои што постојат, да се направи една широка иницијатива, да се направи една програма со соодветна динамика на активности како би можеле да го зачуваме еколошкиот амбиент во Република Македонија. Значи, среќа, или несреќа, развиеноста на индустријата сеуште не дозволува алармирање во ова подрачје. Но, верувам дека за брзо време ќе дојдеме во алармантна ситуација.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:**Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, изненадена сум што се нема слух за овој амандман. Имено, кога ние говориме за екологијата, сите потенцираме дека таа е од несомнено големо значење. И навистина пред Европа сакаме да се промовираме како земја која што многу внимание посветува на оваа сфера која што е значајна не само за нашата земја, туку апсолутно екологијата е од суштествено значење за целиот свет, за целата планета. Меѓутоа, за жал, ние иако говориме дека во Македонија имаме еколошки чисти средини каде што сме подготвени и да произведуваме еколошка чиста храна која што ќе биде пласирана не само во Република Македонија, туку и надвор од нејзините граници. Овде имаме еден конкретен предлог да се одделат не така многу средства, се работи за 15 милиони денари кои што се потребни за отпочнување на изработка на проект за еколошка заштита на реката Брегалница и целиот брегалнички слив. За жал овде немаме слух од министерот за финансии и го одби овој амандман, иако се работи за една многу важна работа како што е екологијата, а знаеме дека екологијата директно не само што може да не приближи, или одалечи од Европската унија, односно еколошките стандарди секаде се повисоко и повисоки се подигаат во Европската унија. За жал, кај нас реков дека овие заложби се само

декларативни. Освен тоа што има еден конкретен аспект кој што може да се одрази и многу негативно на здравјето на луѓето. Имено, на ова подрачје по сливот на реката Брегалница живее една огромна популација на луѓе околу 300.000 жители и знаеме дека сегашните колекторски системи не овозможуваат заштита на целиот овој слив и многу често се случува овие води да се изливаат надвор од своето корито и со тоа се загадуваат и околните ниви, а преку тоа секако дека и храната која што потоа ја користат луѓето. Дел од оваа вода се користи за наводнување на околните ниви, а исто така слушнавме дека и доаѓа до ситуации кога имаме поголеми хаварии настанати, како што беше онаа кога еден ипол тон се изли сулфурна киселина од Пробиштип и го доведе во прашање здравјето на илјадници луѓе, со самото тоа што доаѓа до можност оваа вода да понира и потоа преку бунарите, водоводите а и како што реков и преку наводнувањето на земјоделските и градинарски производи, потоа повторно доаѓа во контакт со луѓето и во голема мера го нарушува нивното здравје. Ако кон тоа се додаде дека и во програмата на Министерството за заштита на животната средина, приоритет за оваа година беа водите, значи од една страна го имаме тоа како програма од друга страна апсолутно не се почитува, затоа што не се сака да се одделат и средства кои што директно ќе овозможат оваа програма да биде реализирана, односно да се заштитат водите во Република Македонија. Иако немаше слух од министерот за финансии, очекувам дека парламентарното мнозинство многу сериозно ќе размисли за овој амандман и со неговата поддршка, значи ќе покажеме дека навистина ние се залагаме за еколошка средина, се залагаме за чисти води кои што нема да претставуваат опасност за здравјето на луѓето, а со тоа се грижиме и за преку 300.000 жители на Република Македонија. И ако кон тоа се додаде дека навистина во овој дел на Македонија, Источна Македонија многу работи се запоставуваат, ова би било добар пример, доколку парламентарното мнозинство даде поддршка на овој амандман, да докажеме дека и во овој дел на Македонија, работите почнуваат да се менуваат кон подобро. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Би ги замолил службите да го утврдиме бројот на присутни пратеници, а воедно и ги молам колегите пратеници кои се надвор од салата да влезат пристапуваме кон гласање.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

**Иван Атанасовски**:

(Во салата влегуваат пратеници)

Бидејќи имаме доволно пратеници во салата, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 10, нема воздржани, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 Потпрограма 4А ставка 482...

(Пратеникот Агрон Буџаку бара збор процедурално).

Повелете, барате збор процедруално?

Повелете, пратеникот господин Буџаку Агрон има три минути процедурално. Повелете.

**Агрон Буџаку:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Процедурата во Парламентот, а и секаде во светот да мнозинството во демократскиот свет и во парламентарната демократија, мнозинството сноси одговорност, посебно кога се говори за точка од дневниот ред што е капитална и значителна, како што е случај со буџетот. Во текот на невидената пропагандна кампања на овој состав за устесите и достигнувањата на оваа Влада и на ова мнозинство, постојано се критикуваше опозицијата дека опструира.

Кога се говори за Буџетот и господинот Славевски реплицирал дека ние, наводно, или пак нашите пратеници се враќаат во 19-от век, меѓутоа тука имаме случај кога мнозинството, освен одговорноста што ја има, одговорноста да биде носител на Буџетот и на државаната политика, иако тука парламентарната пракитка и демократската практика не покажале дека има минимум разбирање за барањата, како што беше збор малку порано, барање за чиста вода за пиење во Гостивар или пак другите амандмани со кои што се развива економијата, туку ан блок тие се одбиваат и тука се поставува прашањето каде е одговорноста на парламентарното мнозинство? Нашето присуство се гледа, се гледа дека обезбедуваме кворум потребен за добар тек на седницата, за едно прашање што е значајно како што е Буџетот.

Тука, јавноста треба да знае која одговоност ја сноси ова мнозинство, кое што не може да обезбеди ниту кворум и со каква одговорност се однесуваме ние, другите, иако амандмани за кои што Владата презела обврска, тоа се амандманите за чиста вода за пиење и не е 19-ти век, а вие сепак ги одбивате тие амандмани. Ние предлагаме обезбедување на пречистување на водата, а вие ги одбивате тие амандмани. Така што, јасноста не треба да падне во тие замки, во овие пропаганди, бидејќи самите факти докажуваат кој е одговорен, а кој е неодговорен во Парламентот.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Бесим Догани:** Би требало да ви разјаснам по тоа што спорите.

Пред неполн час време имавме координација со кооридинаторите на пратеничките групи, на која

што координација, за жал, вашиот пратеник координатор не присуствуваше. Можеби затоа и не знаете за суштинскиот договор што го направивме со опозициониот блок. Затоа, пратеникот Силвана Бонева процедурално се заблагодари за тоа што опозицијата ќе преземе конструктивна улога, ќе учествува, ќе дискутира.

А тоа, дали министерот, претставникот на Владата ќе ги прифати амандманите или не, тоа е врз база на нивното работење како предлагач на Буџетот за 2007 година.

Затоа, она што вие го оспорувате не држи многу, бидејќи не бевте дел од координацијата и она што се договоривме.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 Потпрограма 4А ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратениците Анета Стефановска, Панче Дамески и Оливер Шамбевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Почитувани, со оглед на тоа што министерот за финансии не го прифаќа, како поднесувачи, амандманот го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Поднесувачот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 Потпрограма 4Б категорија 48 ставка 489 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 21 категорија 41 ставка 413, поднесен од пратениците Васко Шутаров и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Станува збор за барање дополнителни сретства за функционирање на хидро-системот “Дијранско езеро”. Ја знаеме неговата позитивна улога во изминатиот период за враќање во живот на ова езеро што беше пред изувирање, но сепак, на овој нажин не можеме да обезбедиме дополнителни стедтсва. Оваој амандман Владата нема да го прифати, но сакам да ве известам дека интезивно во разговори со ЕЛЕМ, Електростопансво на Македонија бараме од нив да понудат решение за во иднина системот “Дојранско езеро” непречено да работи во иднина, со обезбедена електрична енергија што е неопходна за негово функционионирање.

**Бесим Догани:** Благодарам, Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Бонева Силвана, повелете.

**Силвана Бонева:** Врз основа на образложениeто што беше дадено од страна на министерот и фактот што Владата на Република Македонија ќе се грижи понатаму на кој начин да продолжи финансирањето на електричната енергија за нормално функционирање за хидросистемот “Дојранско езеро”, го повелкуваме овој амандман.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предлагачот го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 за додавање нова Потпрограма 4В по Потпрограмата 4Б ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев, Влатко Серафимов и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа овој амандман. Сакам само да напомнам дека за оваа намена освен од донација, средства се обезбедени од сопствените средства на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

**Има збор пратеникот Николов Марјанчо, повелете.**

**Николов Марјанчо:** Благодарам,

почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Се јавувам како еден од предлагачите на амандманот за оние што господинот Ќуркчиев кој што поради неодложни обврски не присуствува на седницата, не може поконкретно да го образложи, мојата причина да го потпишам овој амандман и да се јавам како предлагач е таа што имамвме една слична ситуација во општина Велес, па би скал некоја аналогија да направам и да дојдам до аналогијата да објаснам зошто го потпишав овој амандман.

Значи општина Велес како една од петте градови кои што го користи проектот МЕЈАП, значи Акциони програма за унапредување и заштита на животната средина, покрај кредитот од Европската банка за обнова и развој доби, за жал, кредит од Португалската Влада во износ од 7 милиони евра за изградба на пречистителна станица во Велес. Овие средства не беа доболни да се заврши целиот систем што подразбира изградба на пречистителна станица и колекторски систем од двете страни на реката Вардар, како би можел да се заокружи и целосно да ги третира отпадните и канализационите води во градот. И покрај напорите на општина Велес да се обезбедат дополнителни средства, фалеа околу 2 милиони евра, не најдовме начин тоа да се направи и бевме принудени кредитот да го откажеме и на тој начин општина Велес остана без пречистителна станица.

Од она што го добив како објаснување од господинот Ќуркчиев ситуацијата е слична и во општина Гевгелија. Значи донацијата која што ја дала Грчката Влада е доволна да се изради само

пречистителна станица, а не и да се изгради колекторски систем со кој би се опфатиле водите во општината Гевгелија.

Сметам дека започнувањето и објавувањето на тендер без да се заокружи техничко-технолошкиот третман на водата односно да се изгради еден систем во кој што целосно ќе се опфатат и преработат отпадните води како би можел од тој аспект да се допринесе и заштита на реката Вардар не е добро. Многу е битно покрај прочистителната станица да се обезбедат средства и да се изгради колекторски систем за прифаќање третмани одведување на отпадните води. Спротивно, ако не се направат овие краци или цевководи за изградба на колекторскиот систем би добиле уште еден, така го нарековме споменик, кој што не би ни користел на никого би се вложиле 2,5 милиони евра, а работата не би била ни од далеку завршена и повторно би се вршела деградација на еколошкиот систем и загадување на водите во реката Вардар.

Затоа би апелирал до пратениците од паралментарното мнозинство да размислат и да го подржат овој амандман се со цел да може пречистетелната станица да се изгради, да се стави во функција, да се реши еден проблем кој што како ќе одминува врмето и како Македонија ќе ги води преговорите со Европската унија се повеќе ќе се наметнува како прашање од аспект на екологијата, би се почнало од општина Гевгелија понатаму ќе треба да се врши оваква изградба на пречестителни станици во сите градови не само по долината на реката Вардар туку и по долината на сите реки каде што нема изградено.

Затоа мислам дека е многу битно амандманот да се подржи се со цел да се изгради пречестителна станица со колекторски систем како техничко-технолошко заокружен систем, кој би ги третирал отпадните води и затоа уште еднаш би ја побарал подршката од пратениците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам,

Збор има Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре,

Мојата интервенција е повторно од принципиелни причини.

Значи, ако имаме состојба на обезбедена донација од 2 милиони евра која што од субјективни или објективни причини, значи постои простор да се навлезе кој бил одговорен за таа ситуација се согласуваме дека имаме откажување на институциите на системот, но доколку продолжиме со таа тенденција тогаш стануваме соучесници на една неоздржлива ситуација во која што ќе пропаѓаат такви донации и уште повеќе, начинот на која што е добиена донацијата преку лобирање, преку претставување на можностите, преку градење на соодветен углед и на општината и на Република Македонија и доколку на овој начин се стави до знаење на посредните или непосредните донатори, идните инвеститори дека заради наша негрижа или немање слух за помагање во остврарување на таа донација едноставно ќе се доведеме до ситуација да се формира оценка дека Република Македонија е потполно несериозна, не сериозен партнер во обезбедување амбиент на странски инвестиции или донации.

Бидејќи се немаше слух, апелирам до пратениците да го поддржат овој амандман, како не би пропаднале средствата од донацијата кои веќе стојат, а навистина од технички аспект е нелогично да се изгради пречистителната станица, а целокупната инфраструктура потребна за профункционирање на пречистителната станица да не може да биде реализирана. Можеби конкретниот пример е безначаен, но како што и претходно нагласив го отсликува нашиот амбиент на несериозен пристап по повеќе вакви проекти. Иако можеби е безначаен проект, сепак дава слика и ги нарушува овие процеси или тежненија на Владата за привлекување на странски инвестиции во Репулбика Македонија.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Се јавувам за дискусија за да го поддржам амандманот на пратениците предлагачи Никола Ќуркчиев, Влатко Серафимов и Марјанчо Николов. Иако беше одговорот од Владата негативен, односно дека Владата не го поддржува овој амандман, мислам дека најмалку што можеме да побараме во овој момент е конструктивност од позицијата и од Владата. Ако опозицијата имаше добра волја да влезе во салата, и покрај тоа што позицијата односно мнозинството не успеа да го собере потребниот цензус од 61 пратеник за да може да се одвива натаму седницата, односно со нормален тек да се гласа по точките за Буџетот, амандманите на Предлог-буџетот за 2007 година, не е ни најмалку конструктивно од истата таа позиција и од истата таа Влада да не прифати ниту еден амандман на опозицијата, освен некои ситни амандмани во вредност од 1000 евра.

Амандманот на пратениците Никола Ќуркчиев, Влатко Серафимов и Марјанчо Николов е еден од пологичните и суштински амандмани. Прво, се однесува на заштита на животната средина, ссе однесува на екологијата. Не би сакала да ги повторувам претходните дискусии на пратеникот Роза Топузова Каревска и на Тале Герамитчиоски и додека се дискутираше за мојот амандман за заштита на водите на реката Брегалница и Брегалничкиот слив, меѓутоа, ако сакаме да влеземе во Европска унија, мораме да почнеме да се однесуваме европски. Мораме да почнеме да водиме повеќе сметка за заштита на животната средина и за екологијата. Ако општината Гевгелија обезбедила поголем дел од средствата

за изградба на пречистителна станица, тогаш најмалку што можеме да направиме е да ги дообезбедиме останатите средства, односно мислам дека помалиот дел од средства за да се реализира оваа инвестиција.

Поради тоа, ги повикувам пратениците од позицијата - заправо, да ме сослушате што зборувам, имам впечаток дека овде залудно зборуваме и залудно дебатираме и дискутираме, дека ова е практично зборување во празно и до никого не допираат нашите зборови. Би сакала да не сослушате и да го дадете својот глас, да гласате позитивно за овој амандман.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарма.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас се јавив за збор затоа што ова е веќе трет амандман кој што Владата го одбива, а се однесува речиси на истата проблематика, само за различен дел од Македонија. И покрај тоа што сакав да дискутирам за претходните амандмани, со оглед на тоа што се договоривме и со оглед на тоа што парламентарната опозиција денес цел ден обезбедува кворум во ситуација кога парламентарното мнозинство не може да го направи тоа, токму заради тоа што сме свесни дека расправата за Буџетот е една од најсуштинските дебати во ова Собрание кога се креира генералната политика која ќе се реализира во наредната година. Сметам дека парламентарното мнозинство најмалку како возврат за ваквата улога на парламентарната опозиција денес треба да размисли за тоа дали ќе го прифати овој амандман, и покрај одбивањето од страна на министерот за финансии. Зборуваме за она што е основна потреба на граѓаните на Републбика Македонија, а тоа е водоснабдувањето или снабдувањето со чиста вода за пиење. Проблеми има во Гостивар, видовме од петходниот амандман на пратениците Аднан Јашари, Ќенан Хасипи, Селвие Салиу и Хади Незири, за кој парламентарното мнозинство не смогна сили да го прифати, исто како и амандманот на Верица Филипова и Влатко Серафимов, кој се однесуваше на заштита на реката Брегалница и Брегалничкиот слив.

Не знам дали сме доволно свесни за важноста на амандманите кои ми се чини Владата ги одби со невидена леснотија, ако имаме предвид дека екологијата и еколошката заштита е еден од врвните приоритети не само во Европска унија туку и во светот, затоа што ние како држава би требало особено внимание да посветиме на прашањата од еколошката заштита, заради тоа што тоа е предизвик и на многу поголеми и поразвиени држави од Републбика Македонија, и заради тоа што тоа е едно од прашањата чии теми дополнително ќе бидат актуелни во светската политика, прашања кои можеби ќе бидат клучни за идните избори, за тоа кој ќе ги добие или кој ќе ги губи изборите, заради тоа што граѓаните се преокупирани, со право, со прашањата кои се од елементарен еколошки карактер, односно прашања кои ќе им обезбедат на граѓаните живеење во здрава еколошка средина и обезбедување конкретно со овој амандман на чиста вода за пиење. Преку тоа што ќе се овозможат дополнителни средства кои ќе бидат практично дополнителни средства на обезбедените финансиски средства преку меѓународна донација, оној дел кој треба да овозможи доизградба на колекторскиот систем до пречистителната станица и ставање во функција на истиот, мислам дека треба да се поддржи, заради тоа што на тој начин ќе имаат смисла средствата кои се обезбедени со оваа донација. Мислам дека сериозноста на една држава, меѓу другото, се гледа и како се однесуваме ние дополнително спрема средствата кои што се доделени од меѓународни донации, ако од нас се бара незначителна финансиска поддршка за средства од меѓународни донации кои обезбедуваат пречистителна станица и опрема, тогаш мислам дека ќе излеземе несериозни пред меѓународните донатори, доколку овие средства не ги обезбедиме. Доколку има слух од други држави, од други странски држави, да донираат во Републбика Македонија и да помогнат за решавање на вакви суштински прашања на граѓаните, кои директно ги засегаат граѓаните на Републбика Македонија, тогаш мислам дека треба да има разбирање и од нашата Влада за финансирање на еден ваков проект, кој ќе заокружи едно прашање еднаш засекогаш. Јас сум разочарана што ние во 21-ви век сеуште зборуваме за недоволна инфраструктура, за непостоење на пречистителни станици за чиста вода во ситуација кога многу држави во светот немаат чиста вода за пиење. Мислам дека ние би требало да го цениме тоа што го имаме и да го негуваме тоа што го имаме. Ние би требало да обезбедуваме основни предуслови за чиста вода за пиење, што засреќа во Македонија ја имаме на располагање како природен ресурс. За важноста на чистата вода за пиење не би сакала да образложувам во интерес на времето, меѓутоа, повторно апелирам до парламентарното мнозинство, со оглед на тоа што рековме дека сме цел ден тука во Собранието и обезбедуваме кворум и излегува дека обезбедуваме кворум парламентарното мнозинство да гласа против амандманите кои ние сме ги поднеле, а амандманите кои ние сме ги поднеле се реакција на потребите на граѓаните и мислам дека барем за овој амандман парламентарното мнозинство би требало да размисли и да ја даде својата поддршка во име на конструктивноста што денес ја имаме во Собранието.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Благодарам.

Колку да ги демантирам колегите од СДСМ, ценејќи ја нивната бескрајна грижа за

пречистителната станица во Гевгелија, сакам да им укажам дека овој проект Пречистителна станица на реката Вардар го имаме во Гевгелија уште од локалните избори од 2000-та година и со него практично се манипулираше до сега. Поминаа шест години, поминаа четири години, мене ми е драго што денес колегите од СДСМ решија да го дадат овој амандман на Буџетот за 2007 година и тоа го сметам како нивна доверба во залагањето на оваа Влада, и покрај рестриктивниот буџет, да направи капитални објекти кои би биле за добро на сите општини во Репулбика Македонија и во име на тоа ќе го поддржам овој амандман.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Славица Грковска има контра реплика од една минута. Повелете.

**Славица Грковска:** Ние не негираме дека овој проблем е од поодамна, меѓутоа, сметаме дека не би требало да бидеме доведениво ситуација да ја изгубиме донацијата. Јас сум благодарна што господинот ќе го поддржи овој амандман, а апелирам и другите колеги од неговата пратеничка група да го направат истото, затоа што сметаме дека предолго се пролонгирало ова прашање.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, гласале 60 пратеници, за гласале 13 пратеници, воздржано 2 и против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13. . .

(Реакција од пратеници дека е 19,00 часот).

Во ред, тогаш тука ја прекинувам оваа седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 19,00 часот).